СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Четиринаесеттата седница на Собранието на СР Македонија, одржана на 18 мај 1991 година

Скопје, Мај 1991 година

14-та СЕДНИЦА, 18.V. 1991 ГОД. ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОЃА НА СТР.БР.2

ДИСКУТАНТИ:


| | |
|---|---|
| СТОЈАН АНДОВ | 4,2(дневен ред) |
| ВАСИЛ ТУПУРКОЗСКИ | 5(ЕКСПОЗЕ-ИНДОРМАЦИЈА В0 ВРСКА СО ИЗБ ИЗБ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕТСЕДа ТЕЛСТВОТО НА СФРЈ),88 |
| 1. АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ | 16 |
| 2. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | 20 |
| 3. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | 22 |
| 4. АРСЛАН ОЕЛМАНИ | 27 |
| 5. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | 29 |
| 6. ТОДОР ПЕТРОВ | 51,93,96,102 |
| 7. ИВАН ИЗАНОВ | 40 |
| 8. ЃОРЃО КОТЕВСКИ | 40 |
| 9. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | 41 |
| 10. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | 43 |
| 11. КИРО П0П0ВСКИ | 4-5,83 |
| 12. ИСМЕТ РАМАДАНИ | 47 |
| 13.НИКОЛА КЈУСЕВ | 49,86 |
| 14.НАСЕР ЗИБЕРИ | 54 |
| 15.ЉУБИСАВ ИВАНОВ | 58 |
| 16. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | 63 |
| 17.РИСТО КЕЛЕШОВ | 65 |
| 18.ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ | 66 |
| 19. НАЌЕ СТ0ЈАН0ВСКИ | 63 |
| 20. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | 70 |
| 21. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | 72,104,105,107 |
| 22. КИРО ГЛИГОРОВ | 75 |
| 23. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | 82,91 |
| 24. ДОСТА ДИМОВСКА | 83 |
| 25. РАТКА ДИМИТРОВА | 83,99 |
| 26. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | 85,109 |
| 27. ПЕТАР ГОШЕВ | 85 |
| 28. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | 89 |
| 29. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | 90 |
| 30. РИСТ0 ДАМЈАНОВСКИ | 97 |
| 31.АЛЕКСАНДАРГЕШТАКОВСКИ | 102 |

32. ЗОРАН КРСТВСКИ 106

33. JОРДАН БОШКОВ 108

34. САНДРЕ ДАВЧЕВ 108

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Четириесеттата седница на Собранието на СР Македонија, одржана на 18 мај 1991 година

Седницата се одржи во салата 1 на Собранието на СРМ, со почеток во 13,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Четиринаесеттата седница на Собранието на СРМ.

Пратениците Благој Тоше, Тодор Димов, Бранко Блажевски и Душко Јанкуловски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.

Ве известувам дека на денешната седница се поканети и присуствуваат: Претседателот на СР Македонија Киро Глигоров, членот на Претседателството на СФРЈ од СРМ д-р Васил Тупурковски, пот-претседателот на претседателот на СРМ Љупчо Георгиевски и претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на СРМ.

Како што ви е познато на последната седница на Претседа-телството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија не дојде до избор на претседател и потпретседател на Претседателството на Со-цијалистичка Федеративна Република Југославија. Со тоа во земјата е создадена уставна криза без преседан. Веќе трет ден во Југославија не функционира Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија како колективен шеф на државата и како колективна врховна команда и тоа несомнено не само што ја влошува и онака тешката состојба во земјата туку може да предизвика и крупни последици.

Од тука сметав дека е неопходно да свикам седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на која членот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Социјалистичка Република Македонија ќе не информира за настанатата ситуација.

Во функција на седницата, денес одржав состанок со претседателот на Републиката, членот на Претседателството на СФРЈ од СРМ, со потпретседателите на Собранието, претседателот на Владата на СРМ и координаторите на пратеничките групи од политичките партии застапени во Собранието на СРМ.

На состанокот е договорено Собранието да донесе одредени заклучоци.

Предлагам на денешната седница да расправаме само по Информацијата во врска со изборот на претседател и потпретседа-телот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.
Дали се согласувате?
Се согласуваат.

Има збор д-р Васил Тупурковски.

**ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, најпрво сосема кусо би сакал да ве запознаам уште еднаш, иако најверојатно има прилично информации за хронологијата во овие два три дена, колку да ја зголемам автентичноста на вашата информираност за настаните во врска со изборот или неизборот на претседател и потпретседател на Претседателството на СФРЈ а потоа сакам да дадам неколку оценки и неколку предлози.

Како што предвидува Деловникот ние пристапивме кон избор на претседател на Претседателството на СФРЈ на 15 мај со една мала свеченост. Беа поканети сите и присуствуваа претседателите на репуб-ликите, претседателот на Собранието на СФРЈ, претседателот на Сојузниот извршен совет, ресорните министри итн. Беше применета една методологија, што ги игнорираше уставните и деловничките решенија, како и праксата што постоела и што е формирана за време на постоењето на Претседателството и изборите на претседател и потпретседател. Гласавме, резултатот ви е познат, автоматизмот кој што сметавме дека важи и во овој случај беше нарушен и тој не може ни да се смета како некој формално правен модус, само како уставно процедурална категорија, има суштинско принципиелно значење, бидејќи ја обезбедува рамноправноста на републиките и покраините и едноставно отстапувањето од автоматизмот до кој што дојде заради резултатот на гласањето стори една сериозна ситуација.

Ние се обидовме веднаш во продолжението на седницата на Претседателството на 15 мај да ја надминеме таа ситуација и тогаш ја иницираме идејата за толкување на Уставот односно Деловникот на Претседателството дека е возможно и без гласање да се прогласи претседател, односно потпретседател на Претседателството на СФРЈ бидејќи таква е уставната и деловничката конотација што никаков избор воопшто не може ни да се врши, републиките во согласност со сопствените уставни процедури и импровизии ги вршат изборите на членовите на Претседателството во своите средини, а Сојузното собрание повторно во согласност со Уставот на Југославија ја врши верификацијата на мандатот и прогласувањето. Сето тоа во овој случај ние го имавме за кандидатот на Хрватска за претседател, за Стипе Месиќ, а на 15 мај сеуште немавме

верификуван мандат на членот на Претседателството од Црна Гора Бранко Костиќ за потпретседател. Тоа стана утре дента на 16 мај. Не можевме да се договориме околу воспоставувањето на едно вакво разбирање во Претседателството, бидејќи и толкувањето на Деловникот е одлука и за тоа треба мнозинство изјаснување, а вам ви е позната ситуацијата од создадените односи на силите кои при гласањето во Претседателството практично во последно време, со исклучок на оној 9 мај  кога одлучувавме за состојбите и меѓунационалните односи и жариштата во Хрватска е 4 спрема 4. Најдовме решение да ја прекинеме седницата, да ја ставиме во статус на пауза и да се обидеме низ дополнителни консултации да ја надминеме оваа деликатна ситуација.

16-ти мај е оној собраниски ден кога во Собранието на СФРЈ беа верификувани мандатите на тројцата членови на Претседателството на СФРЈ од Војводина, Косово и Црна Гора, со што убедливо или наивно се сметаше дека се отвора можност да се пристапи и кон избор на претседател односно на потпретседател на Претседателството на СФРЈ бидејќи во многу политички кругови се сметаше дека се тие две врзани или поврзани работи.

1/5

Прашањето за верификацијата на мандатот иако сега заради крајно флексибилното толкување на процедурата, за да се дојде до тој резултат, може да добие и разни други квалификации, е принципиелно прашање и овој член на Претседателството на Југославија од нашава република кога се одвлекуваше верификација на мандатот повторно во случајот на Стипе Месиќ неколку месеци исто така се залагаше на принципиелен начин, како и сега, верификациите да се спроведат во согласност со Уставот, а не како некој однос во политичката сфера.

Во секој случај, на 16 мај, иако планиравме да се состанеме откако ќе бидат верификувани мандатите на тројцата членови на Претседателството, заради доцнењето и одлагањето на решавањето во Собранието немавме реални можности, а и заради тоа што членот на Претседателството од Црна Гора бараше да изврши консултации со своето собрание. Тоа се случи на 17 мај изутрината и на 17 мај попладнето, вчера, ја активиравме нашата седница, за која што два услови,претходно договоривме.

Еднииот услов беше дека мора да учествуваат сите членови на Претседателството што значи дека не доаѓа предвид оваа ситуација да ја решаваме со некое надгласување туку со усогласување на ставовите на членовите на Претседателството како претставници на републиките и покраините.

Вториот услов беше дека нема ниедна друга алтернатива во одлучувањето за тоа кој ќе биде претседател односно потпретседател на Претседателството

од таа што е предвидена во Уставот и Деловникот, што значи, ние застанавме конзистентно зад предлозите односно зад единствено можните решенија Стипе Месиќ и Бранко Костиќ да бидат избрани за претседател и потпретседател на Претседателството на Југославија.

Вчера, кога ја продолживме работата на Претседателството се договоривме кој да ја води седницата. Тоа не е никаков координатор тоа не е никаков претседавач тоа е член на Претседателството во потполно еднаков капацитет со секој друг, со тоа што ја отвора и ја води седницата, дава збор, се обидува да понуди заклучок и ја резимира расправата. Едногласно, во согласност со претходниот устав тоа го сторивме. Јас ја водев седницата. Извршив консултација со сите членови на Претседателството за евентуален модус на излегување од оваа ситуација и врз основа на тие консултации понудив решение. Тоа решение беше да се прогласат Стипе Месиќ и Бранко Костиќ за претседател односно потпретседател на Претседателството. Тоа да го констатираме и на тој начин да излеземе од оваа ситуација. Предлогот не беше прифатен, бидејќи за предлогот се изјаснија претставниците на Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина и јас од Македонија, а против беа претставниците од Србија односно од Црна Гора. На тој начин ние, немавме други можности иако се инсистираше да се гласа, како една алтернатива и јас ја прогласив седницата за завршена во тој дел.

Седницата е сега повторно во пауза како едно крајно нерегуларно, сомнително решение, морам да кажам сосема јасно и отворено, но тоа е единствен начин за додатни ангажирања и напори, еден од нив може да биде и денешната седница на Собранието на СРМ да се дојде до некои усогласени ставови. Тоа е хронологијата во овие три дена, при што за да не биде нејасно има многу информации кои се навистина непотврдени или се неслужбени, а кои внесуваат одредена конфузија. Јас ви ги кажав принципите што ги договоривме и за тоа не постои никаков координатор.

Од вестите можеше да се чуе дека Сејдо Бајрамовиќ е координатор,никаков претседавач не постои, никакви супституции за легалноста на оние решенија што ги предвидува Уставот за претседател и пот-претседател на Претседателството на СФРЈ.

Сега би сакал да кажам неколку оценки за оваа работа и да дадам некои предлози што евентуално би помогнале за конечното заклучување.

Пред неколку дена во ова собрание расправавме за политичко-безбедносната ситуација во земјата и републиката, минатата недела и уште еднаш меѓутоа се покажа дека негативната динамика на општата криза во земјата, а посебно во политичките односи е таква што одново мораме нашето внимание и нашата енергија да ги

концентрираме на новите по квалитет понатаму деградирани состојби во земјата. Чинот на блокирањето на редовната смена на Претседателот на на Претседателствотс на СФРЈ е без преседант во досегашното постоење на овој највисок државен орган во земјата. Притоа неможе да стане збор за никакво формално или процедурално прашање, најмалку за некаква демократска постапка во третирањето на изборот на претседател на Претседателството на СФРЈ или пак за некое персонално прашање. Потполно е јасно и се разбира со далекусежни последици дека на ескалатантен начин е повреден основниот принцип на заедничкиот живот во сегашната, валиден и примаре за евентуален и било каков тип на идна заедница на суверените републиките и нивната рамноправност. На ниедна република во оваа земја не може да биде узурпиран ниеден елемент на нејзината рамноправност со останатите заради политички проценки и позиции во некоја друга република. Потполно е ирелевантно што во овој случај се работи за Република Хрватска, а не за некоја друга република, бидејќи во прашање е генерален, траен и првокласен принцип.

Во однос на тој принцип мислам дека нашава Република,Република Македонија нема никакви алтернативи во градењето на својот став. Нарушувањето на рамноправноста на републиките ние не можеме да го прифатиме, мораме да отфрлиме било која пракса во тој правец и да ги осудиме оние субјекти и сили што го повредуваат овој принцип, нивните аспирации се за доминација и мајоризација, што за современите општествени и политички процеси претставува своевиден анахронизам.

Притоа, поаѓам од илузорноста на претпоставката дека некој може да оствари супериорна позиција посегајќи по рамноправноста на другите. Напротив, што е сосема евидентно и во оваа актуелна ситуација доаѓа до понатамошна ескалација и продлабочување на кризата, што е објективно штетно за сите и што не оддалечува сите од пронаоѓањето и апликацијата и решенија што отвораат човечки и развојни перспективи.

Некои реперкусии на Одлуката на претсетавниците на Република Србија да се оневозможи уставната и регуларна смена на чело на Претседателството на СФРЈ, при што станува збор за политичка одлука на српското раководство, мора внимателно да се анализираат, а посебно нашето поставување спрема нив.

Прво, нарушената рамноправност на републиките, туркајќи не сите во уште подлабока политичка криза ги забавува демократските процеси кај нас. Која е алтернативата на демократскиот курс кај нас? Дали се тоа нови видови на тоталитаризам, национална хегемонија, беда и сиромаштија, вонредна состојба, напуштање на реформскиот курс? Дали навистина и воопшто и ние имаме

алтернативи од овој вид.

Мораме да бидеме свесни за потребата да го јакнеме нашето државно и национално единство секогаш, а во услови на општата загрозеност во земјата посебно и низ практично поставување, но и во вакви тешки околности, ќе сториме историски и тешко поправливи грешки,доколку го релативизираме значењето на демократизацијата на сите односи во Републиката. Ваква историска ситуација каква што сега ја детерминира положбата на Македонија во Југославија и пошироко може да биде продуктивна за нас ако без никакви предрасуди, притисоци и узурпации ги продолжиме, дури и ги интензивираме демократските процеси во Македонија. Кој сака нека врши политички и национални хомогенизации, при што препознатливи се манипулациите и злоупотребите на цели народи во Југославија. Нашиот одговор мора да биде слободи и права на граѓаните, целосен респект за националните права, автономија на општественото делување, понатамошно отворање на Македонија.

Институциите на системот, нашиот Парламент и посебно политичките партии треба да се определат на недвосмислен начин да ги стимулираат демократизацијата и демократските односи кај нас.

Второ, новонастанатата ситуација во Претседателството на СФРЈ, заради рефлексиите во меѓурепубличките односи може да го загрози преговарачкиот процес за идните односи во југословенската заедница.

Демократски расплет на југословенската криза не може да се оствари без демократски договор на суверените републики. Било каков друг вид на солуција ќе носи непредвидливи консеквенции и неконтролира однсои. Никој нема право да ја ликвидира демократската и договорната варијанта на решавањето на проблемите во земјата. Своите витални интереси мораме да се оспособиме да ги верификуваме и оствaруваме во демократски амбиент и низ комуникација со останатите во земјата. Но исто така мораме во потполност да бидеме оспособени да ги заштитиме нашите интереси, нашите права, безбедноста на сите граѓани на Македонија. Тоа е задача не помалку значајна од нашата коректна партиципација во преговарачкиот процес.

Во оваа ситуација на застој па и загрозеност на преговорите, токму Македонија треба да иницира и да осмисли нивно ревитализирање. ВО наш интерес е само демократскиот расплет, а до него незнам како ќе се дојде ако не се разговара, односно ако не се преговара.

Трето, најновото продлабочување на уставно-политичката криза во земјата објективно не оддалечува од општо потребното стабилизирање на стопанските, односно финансиските текови. Во врска со тоа е и притисокот врз Сојузниот извршен совет. Нашата економска и социјална

положба е извонредно тешка и е неопходно свртување кон проблемите на граѓаните и кон опаѓачкиот квалитет на животот, затоа што застојот, возможното пропаѓање на реформите во Југославија не смее да не сопира нас во градењето на модерен пазарен систем, компатибилен со европскиот и воопшто со целите на стопанската реформа.

Нашава ситуација бара и преокупација со економските проблеми но и општо ангажирање за да се решаваат паралелно актуелните и долгороч ните прашања. Тој интерес е еднакво релевантен за сите во Југославија.

Четврто, негативниот раст на нашата криза може да предизвика нови сериозни импликации за нашата вкупна меѓународна положба, но и за положбата на секоја република посебно. Нереалистичното третирање и сфаќање на јасно декларираните политички позиции на нашите најсериозни партнери, контридикторноста на нашите амбиции за поквалитетна асоцијаци со европските интеграции, со игнорирањето на нивните витални интереси за стабилна и демократска југословенска заедница, на многу евидентен начин ја минифестира нашата ирационалност, неодговорност и неконзистентност.Тоа нема да остане без последици во инаку конструктивното поставување на меѓународната заедница спрема нас и спрема нашите проблеми. Последните контакти со еминентните претставници на овие фактори укажуваат на опасноста од промена во усогласената политика кон нас, кон нашиот интегритет и некои посебно значајни наши интереси. Финансиските санкции што спрема Југосалавија веќе се спроведуваат со сета тежина практично прекин на финансиската комуникација, што за нашата ликвидност допрва ќе ги манифестира погубните ефекти, може со сигурност да се предвиди дека ќе бидат трансформирани во политички санкции и изолација на земјата. Изложувањето на нашите објективни интереси за поврзување со меѓународната заедница на разни ограничувања, санкции и условувања зборува за додатната одговорност на оние што го предизвикуваат процесот на ерозија на меѓународната положба и на меѓународно правниот субјективитет на земјата.

Македонија треба проицира и да реализира и сопствена стратегија за обезбедување на сопствен квалитетен статус во меѓународното општество.

Изолација не смееме да прифатиме и не смееме да дозволиме да ни се наметне. Своето однесување мораме да го прилагодиме кон важечките норми и стандарди на европскиот систем, односно на глобалните и цивилизациските вредности. Секое игнорирање на легитимитетот на овие нови, но трајно важечки европски констелации ќе доведе до суспендирање на нашата легитимнот, односно на Македонија како национална држава на македонскиот народ и на сите нејзини граѓани. Закономерноста на демократската и стабилизациска европска

тенденција мораат да ја разберат сите политички субјекти во Македонија, оставајќи ги на страна илузиите дека општите интереси ќе биде возможно да се повредат со ун! латерална акција. Кога зборувам за општите, зборувам и за европските интереси од аспект и на нашиот сопствен овде во Македонија.

Во оваа смисла, Македонија има потенцијал, се разбира, под услов да се афирмира континуирано како држава на демократски поредок и на целосен респект на човековите и националните права. За конструктивната улога на Македонија во обезбедувањето на демократски расплет на југословенската криза знаат сите релевантни, странски и меѓународни фактори. Тие наши залагања не се наш хендикеп, туку наша голема предност што други го ценат.

За некои аспекти на ова значајно прашање, како и за тоа како се сфаќа нашата улога, на Република Македонија, јас ве информирав во врска со мојот кус претстој во Виена минатата недела. Сакам и сега да ве информирам дека за време на мојот додатен еднодневен исто така кус претстој во Рим на 21 мај, каде ќе се состанам со претседателот на Парламентот, премиерот Андреоти и лидерот на демократската опозиција Наполитано, сосема сигурно за овие прашања ќе стане збор исто така.

Се заедно сакам да укажам на потребата категорично да му се спротивставиме на процесот на нашата меѓународна изолација што го генерираа оние политички раководства во земјата што на апсолутизиран и на аполитичен, фундиран начин го третираат исклучително важното прашање за нашето учество во меѓународните односи.

Петто, новиот врв на уставната криза и на блокадите на системот што би се продуцирале со нефункционирањето на Претседателството на СФРЈ ќе го загрози извршувањето на едногласно утврдените ставови на Претседателството од 9-ти мај во врска со решавањето на меѓунационалните конфронтации во Хрватска. Ова Собрание тие ставови веќе ги поддржа.

Нарушувањето на тој деликатен систем на рамнотежа и безбедност што треба да доведе до стабилизација на меѓунационалните односи во Хрватска, но и до целосна афирмација на принципот на неповредливоста на територијалниот интегритет на републиките може рапидно да не турне во расплет во кој што ќе доминира репресијата, оружјето и човечките жртви.

При оценката за одговорноста на оние што ја предизвикуваат сегашната блокада на Претседателството на Југославија не може да се дезавуира и овој толку значаен момент. Неопходно е да побараме од стие во земјата, а и самите ние да дадеме конкретен придонес во имплементирањето на овие ставови на Претседателството на Југославија. Од успешноста и целосното реализирање на овој да го наречам мировен план во голема мерка зависат и

сите прашања врзани за безбедноста на војниците на ЈНА и од Македонија, како и сите останати прашања од овој контекст, што инаку имаат првокласно значење за сувереноста на Македонија од аспект на нејзината одбрана и безбедност беа покренати и за нив беше заклучувано овде во Собранието минатата недела.

Шесто, нефункционирањето на Претседателството на Југославија ќе изврши блокада во најделикатните сфери во системот на безбедноста и одбраната што може многу штетно да се реперкуира врз безбедноста на земјата, но и на разни други аспекти на безбедносните состојби внатре во земјата, заради инволвираноста на ЈНА во овој домен. Нефункционирањето на врховната команда во оваа смисла не е значајно само од аспект на командувањето со вооружените сили, туку непосредно имплицира и таква автономија во делувањето на ЈНА, која што може да биде злоупотребена или недозволена или недозволено флексибилно тол-кувана. Ова не е критика на сметка на ЈНА, што е доведена и самата во ваква уставна ситуација или неуставна ситуација, туку на оние што мислат дека неуставните состојби, хаосот, па дури и недефинираноста како положба на ЈНА без врховна команда може да послужи на политички интереси и на политички опции. Трагичен е фактот што во земјата воената опција во разни нејзини видови претставува алтернатива во формулирањето на политика на некои републички врвови.

Неопходно е категорично да се потенцира дека било кој облик на воена разврска на моменталната состојба во земјата, како и на нашата криза воопшто на дефинитивен начин и за долго време ќе не оневозможи во националниот, економскиот, социјалниот, културниот и општествениот развој. Република Македонија, нејзините граѓани и сите ние на сите нивоа треба да ги извршиме своите одговорности за да се дистанцира Македонија и земјата на исто така дефинитивен начин од можната воена разврска.

Почитувани пратеници, минатата недела, зборувајќи пред Собранието на Македонија изнесов неколку опсервации за разни аспекти на нашето неопходно делување, како што ги разбирам нема потреба од никакво повторување и јас би завршил со две пораки.

Првата е за тоа дека екстремизмот во политичката пракса во земјата не доведе во крајна, неповолна општа ситуација и мислам дека не смееме да се повлекуваме пред екстремната политика и екстремните раководства. Толерантноста во оваа смисла ќе не загрози сите, а и нашите витални интереси и посебно е важно колку ќе бидеме успешни во надминувањето на нашите проблеми и на нашите состојби во овој домен, се разбира, многу решенија зависат од процесите во земјата, па дури и пошироко. Но, сакале тоа да го признаеме или не во најголема мерка каква е Македонија и во каква Македонија живееме зависи

од самите нас токму во Македонија. Секој што може да внесе мудрост, креативност, принципиелност во трагањето по оптималните, што значи реалните решенија за надминување на нашите тешкотии, а тоа може да биде буквално секој граѓанин и секоја граѓанка работат директно во полза на Македонија и тоа право и таа голема обврска не треба да му го оспоруваме на никого.

Второто, како порака се однесува на нашата голема одговорност да не биде Македонија, нејзината политичка структура генератор на антирасположение спрема никого што тоа не го заслужува. Да не окривуваме цели народи за кусогледоста на тесни политички кругови, да не прекинуваме односи што коренспондираат со животот и со човечките потреби.

Се залагам и во ова тешко време да ја афирмираме Македонија како земја на мир, комуникација и соработка со сите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес.

Дали некој бара збор?

За збор се јави Алил Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Што се однесува до мене очекуван беше ваквиот исход од неименувањето односно непрогласувањето на Стјепан Месиќ за претседател на Претседателството  на СФРЈ од прости причини што човекот кој ја води оваа нечесна игра се со цел да сруши се што е позитивно и се што на демократски начин сторено во врска со разрешувањето на кризата на Југославија. Не презираше, дури и на сопствениот народ, против сопствениот народ да ја употреби војската и да очекувавме нешто подобро од ова, односно да очекувавме повеќе разум и мирна разврска почнувајќи од именувањето односно прогласувањето на претседателот и потпретседателот на Претседателството, па се до идниот договор за Југославија, сметам дека е сосема јасно.

Што се однесува до изборот на Стјепан Месиќ за претседател на Претседателството, за овој Парламент, во никој случај не би смеело да биде спорно, заради тоа што тој е легитимен претседател на Претседателството на Југославија, но игрите кои ги направи српското раководство одат кон тоа да се предизвика до таа мера хаотична состојба во земјата што или со уцени да се смената места Јовиќ да отиде за претседател на Сојузниот извршен совет, ако може на Марковиќ да оди за член на Претседателство, па да биде претседател на Претседателството или во крајна варијанта да се предизвика вонредна состојба  каде би се втурнала ЈНА да биде и да ги расчистува работите. ЈНА во кој состав се и нашите браќа, деца и роднини ја нема таа задача. Нема задача да служи на дневно-политичките апетити и аспирации на

определени опции и раководства. ЈНА ќе работи по Уставот и никако поинаку. Најенергично се спротивставувам односно сметам дека и овој Парламент треба да го стори на вмешување на ЈНА во разрешувањето на југословенската криза, заради тоа што сметам дека има доволно сили и умни луѓе во оваа земја без употреба на армијата да се расчисти, со почитување на до крај суверенитетот на секоја република и рамноправно преговарање во тој поглед.

Во врска со поставувањето на координатор, јас лично слушнав каде што другарот Јовиќ синоќа кажа дека редуцираното претседателство од 4 или 5 колку што било, прашање е колку биле сега, тоа се веќе игри на зборови, го одредило за координатор, според мене, нелегитимниот претставник на Косово во Претседателството на Југославија, а чувме и од д-р Тупурковски дека такво нешто не се случило. Меѓутоа, ништо не е чудно тие тоа што ќе го предвидат и да го соопштат, бидејќи се е во нивни раце во овој момент што се однесува до овие барем формални работи. Сметам дека таа работа е срамна и треба тоа Претседателство веднаш да ја заврши со Уставот неговата обврска и да не не турка во вакви непредвидени- и тешки и нечесни работи.

Што се однесува, би сакал да кажам веднаш овде исто за мобилизацијата, која беше кажано дека е извршена во сите републики. Ние како парламент ако.добро се сеќавам побаравме до Владата на. Македонија да прибави информации дали во сите републики е извршена мобилизација. Ова не заради тоа што ние сме против Југословенската народна армија, и заради тоа што несакаме мобилизации, доколку за тоа има потреба, туку заради тоа да видиме дали ние сме рамноправни во оваа земја или пак само нас некој не мобилизира. Во оваа смисла сакам, доколку Владата овие информации ги нема веднаш да ги прибави и сакаме да видиме и да бидеме информирани и да видиме кој е тој што се мобилизира, а кој е тој што се амнестира. Или ќе биде тоа закон и Устав за сета земја, или ќе биде односно нема да биде за никого.

Пред малку прочитав во ставовите веќе е набележано дека Владата сметам дека и касни, веднаш треба да направи анализа за економските и безбедносните последици во врска со разрешувањето на кризата по сите варијанти. Дали тоа ќе биде раздружување или сојуз на суверени држави или она или ова, но ние мораме да имаме чисти сметки во врска со таа работа и да знаеме на што сме, да знаеме како ќе се определиме и кој ставови ќе ги заземеме околу таа работа.

Се плашам исто така дека ова што се случи во Претседателството на Југославија, барањето да се толкува во Собранието на Југославија од некои Уставот односно Деловникот, правилник што е на Претседателството, да не се префрли истото да се случи во Собранието на Југославија, па едни да видат дека е вака, други поинаку

и тоа Собрание да престане со работа, да го напуштат половината односно повеќе од половина и оваа земја, оваа Југославија да нема и Собрание. Што ќе се служи ако дојде до тоа. Дали имаме ние, како држава, како република, како Влада, дали ние имаме и дали сме подготвени за една ваква состојба Затоа, сметам дека Владата треба да биде во постојана будност односно да ги следи во секунда сите овие работи, а сметав исто така дека и Парламентот треба да биде почесто, ако не во постојано заседание барем во овие услови во кои се наоѓаме како земја.

Во врска со изјавата на д-р Бранко Костиќ за политичката подобност на д-р Стјепан Месиќ би сакал на крајот сосема накусо да кажам. Тој истиот Бранко костиќ пред извесно време кажа дека македонската и црногорската нација ги измисли коминтерна. Па, ако се расправа ако одлучуваме односно ако оценуваме политичката подобност на членовите на Претседателството на Југославија јас сметам дека д-р Бранко Костиќ малку ќе попричека пред Стјепан Месиќ за да се изјасни овој Парламент дали да биде потпретседател или претседател на Претседателството. Но, ние до крај, почитувајќи го Уставот и барајќи од сите да го почитуваат, бараме да не се прави од ова скандал, туку согласно на Уставот и позитивните прописи веднаш Претседателството да ја заврши својата работа и да продолжи легитимно да одлучува да работи, како што по Уставот е задолжено,а не да се инсинуираат разно-разни состојби за да на краен начин нешто да се ушиќари ако може. Сметам дека сите заговарачи на таквата политика ќе му нанесат на сопствениот народ најмногу штети, а тој српски народ сметам дека од оваа говорница би сакал да укажам сметам дека многу паметни луѓе има, треба малку да се запрашаат кој ги води и каде ги води. Дали му се потребни непријателства, дали е потребно вештачко правење на непријатели кога тие непостојат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано Претседателство, вр овој политички миг, кога и најголемите оптимисти тешко верува-ат во опстојувањето на Југославија, особено воонеи односи во кои таа постоеше, историска одговорност на секој политички субјект каква е определбата за клучните прашања во изградбата во една суверена Македонска држава, онака како што се декларираме. Сега судбината на Југославија најмалку зависи од Република Македонија и Босна, зашто други се тие кои што ја дезинтегрираат и зашто под плаштот на создавање на модерна федерација бараат неофедерација, по нивна мерка откако направија унитарна, хомогена, централистичка држава. Не можеме да прифатиме опција каде еден народ ќе биде владајучи на другите народи во Републиката. Не можеме да прифатиме

нагодби кои одат на штета на трети народи. Ќе можеме да прифатиме нешто што само по себе е различно за да се остварува во единство со посредство на сила, а поготово со учество на армијата во разрешувањето на политичката криза, за што поинаква е улогата на армијата, а сигурно таа тоа и ќе го практикува. Неможеме да прифатиме обновувањето на националромантичарска идеологија што бара прекројување на границите засновајќи се на традиционални интереси. Не можеме да прифатиме терористички напади чија цел не е ништо друго туку ширење на страв, насилство за реализација на една идеја. Не можеме да прифатиме тоталитарни, решенија без демократска конотација и афирмација на рамноправни? Национални интереси. Наспроти прифаќаме соработка, дијалог како цивилизациски достигнувња.

Затоа неможеме да дозволиме нерамноправна положба на републиките за што на изборот на Месиќ е обесправување на Република чије уставно право е да го даде претседателот на Претсадателството. Ако ваков преседант може да се прави во друга република тоа би било обесправување. Македонија од тие принципи генерално се залага за избор на Месиќ. Опструкцијата на Месиќ  значи парализа на работењето на Претседателството, тоа е суспензија на нај-високиот државен орган, а тие тоа што го сакаат лицемерно изјавуваат дека сакаат да ја сочуваат Југославија. Затоа сметам дека Република Македонија поаѓајќи од тие претпоставки врз основа на темелната определба за суверена Република час поскоро мора да ги афирмира и изгради сите системи на функционирање на една држава почнувајќи од политичкиот, економскиот, националниот програм, културниот итн. Во Македонија како никогаш досега потребно и е национален консензус на сите политички партии и лидерски амбиции, во изградбата на една современа Македонска држава и парламентарно граѓанско друштво.

Во овој момент кога Европа се индивидуализира и исто времено се договара за заедничките интреси се интегрира врз основа на потполно национална рамноправност и максимална демократизација треба да ја прифатиме таа опција. На тој начин ќе влеземе во општите цивилизациски текови. Македонија треба постапено да ги афирмира националниот идентитет и индивидуалитет  со цел да се зачува од нападите  било тоа да се медиумски, групни државни итн. Што се во интерес на целиот македонски народ, за што таквата цел не е дезинтеграција на македонската национална свест во создавање на услови да се создаде неред во Македонија, а тоа се нечии интереси, што не се и наши интереси.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господо пратеници, последниве два три дена престојував во убавата Тиквешија

по работни задачи сврзани со струката и на теренот се сретнав со многу обични луѓе кои независно од оваа небиднина во која што живееме, сепак колку толку си ги извршуваат своите работни задачи. Меѓутоа, стекнав впечаток дека сите до еден без исклучок се преполни со емоционален набој и тој набој очебијно ми го пренесоа и мене. Тежнеејќи да го избегнам емоционалниот набој и емоциите се обидов да денешното обраќање го скицирам, меѓутоа, испадна дека и тоа неможе да се избегне, најверојатно крупните состојби влијаат целосно на сите нас.

Јас и на последната седница реков дека живееме тешки времиња, времиња на тотални премрежија, поматување на умот и разумот времиња на недоразбирање и недоверби, манипулации со секој или од секаков вид, времиња на разни нови за цивилизираниот свет непознати видови на војни, навреди и омаловажувања или тотални непризнавања на цели народи, времиња на игри под жито, будења на нај-приземните страсти и екстремизи. Кога многу од нештата што го чинат животот го губат вкусот и смислата,кога секојдневно се отвораат нови прашања на кои што не се нудат одговори. Секојдневно отвораме нови фронтови, со мирис на барут и крв, а не на жито и леб, на технолошки прогрес и благосостојба како што познава цивилизираниот свет.

Со години наназад во некои средини во Југославија едно, му се кажува на народот, а друго се работи, се манипулира со неговите чувства, се прикриваат сопствените грешки, дубиози и незнаења и затоа се окривуваат други средини, други народи.

Имаме многу неизметени дворови, неисчистени и загадени, како лежиште на заразни болести, а оттаму со прст се покажува на туѓите дворови, се фрла анатема, оптужува, проколнува. Нашите луѓе од поодамна се исфрлени од колосек, со целосно пореметени животни топови, со затровени животни сокови. Трпат секојдневни удари, рас-паметувања, кому да му веруваат, кому да му се приклонат, да најдат трошка надеж, спокој виделина. Кој ќе им ја врати вербата во државата, во институциите на системот, во нивните раководства, нивните чесни намери, искреноста, желбите да се излезе од кризата, мракот, бесперспективноста. Деновиве нашиот народ голта нови дози горчлив пелин, добива нови порции дрога со која се одржуваат некои национални еуфории или еуфорични состојби како лек и брана против отрезнувањето на народот. Знам дека и денес неговиот поглед кој што е веќе замаглен е свртен кон нас, неговите преставници на првиот маке-донски повекепартиски парламент. Што ќе кажеме за утрешниот ден. Какво време ке прогнозираме. Ке ги посочиме ли вистиниските причини за денешното невреме. Сеачите на ветриштата чии што бури ги жнеат нашите

народи.

Југословенскта криза, сеопштата југословенска криза, а не само оваа денешната која што ја наречуваме уставна криза без преседант е длабока и долготрајна. Нејзините корени датираат од почетокот на 60-тите години кога требаше да го промениме не адекватниот, неконзистентниот и крајно неефикасен економско политички систем. Излезот од кризата лежеше токму во реформите на економскиот и политичкиот систем, во создавашето на предуслов за подостоинствен живот во секој поглед. Но, уште во фазата на припремите на идејниот проект на реформите се јавија бројни опструкции. Преовладеа желбата низ овие реформи да се остварат многу никогаш незаборавени амбиции, почнаа манипулациите и игрите, се извлекоа разните начртанија и меморандуми. Српското раководство бараше рамноправен статус на српската република во досегашната југословенска федерација и затоа, доби поддршка и согласност од целата југословенска јавност. Го промени уставот и стана Република со четири гласа во Претседателството на СФРЈ затоа што и новиот член од Црна Гора Бранко Костиќ се декларира како Србин, а со негирањето на самобитноста на црногорската нација и признавањето на нејзината државност доби статус на народ со две републики или со поддршката на основачите на книнската република добива статус на народ со три републики или три држави, затоа што во Уставот на Република Србија истата е дефинирана со сите атрибути на супереност.

Од позициите на силата што српското раководство си ги препишува како преставник на најбројната нација сега се бара идната југословенска заедница да се формира по нивни теркови или српска Југославија, или ништо друго. Другите народи немаат желби и права или немаат исти права. Не се признава легитимитетот и легалитетот, суверeноста на нивните републики, границите имаат само административен карактер, а современата југословенска федерација може да биде само држава со повластен, доминантен статус на еден народ. Ако така се конструираат и конституираат современите федерации Европа 92 во која рамноправно влегуваат европските 12-мина, па према тоа и џуџето Луксембург и гигант од Германија треба да се вика Германска-европска федерација. Во современата југословенска федерација Република Србија има право на поголеми права од другите, пресудно влијание на надворешната политика, основите на економскиот и политичкиот систем, право во зависност од дневно политичките потреби да го менува редоследот за избор на претседател на Претседателството на СФРЈ и да му укажува или да им укажува на другите народи кого треба да го предложат за тоа место по нивен вкус. Зад овие барања се крие желбата за задржување и блокада на реформите, за институционално штитење на општествената сопственост, за реставрацијата

на досегашниот економски политички систем. Зад неизборот на Стипе Месиќ се крие желбата за рушењето на носителот на реформите, Анте Марковиќ и неговата Влада и преземањето на југословенската влада и нејзините ингеренции. Треба да се земат клучевите од касите на девизните резерви, треба да се земат од примарната емисија и сите клучни ресори, треба да се стави рака на позициите кои овозможуваат покривање на сите дубиози, промашуван и неспособности и застранувања на актуелното српско раководство.

Се атакува на суверенитетот на сите југословенски републики, меѓу нив и на нашата Република, на сите достигања и доблести на македонскиот народ. Патем да споменам дека под македонски народ ги подразбирам сите граѓани на Република Македонија. Ниедна наша генерација нема право да ги издаде националните интереси на македонскиот народ, нема право да соучествува во игрите за одземањето на суверенитетот на неговата национална држава, најмалце ние современиците на овие желби и недостоинствени игри имаме право да соучествуваме во нив. Да не наседнеме да се повторам со едно искажување од пред месец дена, на туѓите игри и итрини во приказната и за лисицата и гавранот, да ја одиграме улогата на гавранот.

Да ги прегнеме сите сили во борбата за одбрана на досегашните достигања на македонскиот народ, неговата прва суверена држава и да се изборимe по демократски пат за нејзиниот рамноправет статус во идната југословенска заедница на суверени и рамноправни републики. Нашето најсилно оружје може да биде само политичката акција, умот и разумот, знаењето и сличноста, за битките со него ќе ја имаме поддршката на целокупната прогресивна југословенска и светска јавност. Тие битки мора да вродат со плод за што на наша страна е вистината и правдата. Тие битки се водат со добро испланирана доктрина и цели, а затоа ни е потребна толку споменуваната национална стратегија, да ја изградиме час порано декларацијата за суверенитетот и платформата за доделување се само почетни елемент за надградба.

Сите во сите прилики изјавуваме колку ја сакаме Југославија. Ке парафразирам еден стих од една позната Македонска песна "За љубовта наша, делата ќе кажат".

Конечно сакам да завршам со поддршката на излагањето на д-р Тупурковски и предложените заклучоци со една напомена заради тоа што заклучоците одговараат на преамбулата, каде што се кажува дека се тоа заклучоци по повод настанатата политичка криза со неизборот на претседателот и потпретседателот на Претседателството итн. Меѓутоа, се прашувам, до кога ке носиме заклучоци, ќе расправаме само по повод. Ние немаме стратегија ни колку за утрешните цели. Ако ја поддржиме и го поддржуваме законскиот и уставен избор на Стипе Месиќ

иако дојде до неговиот избор во еден дел од недостатокот на тие утрешни стратешки цели ние сме покрини, мегутоа што ако Стипе Месиќ не биде избран иако не може да ја обавува функцијата. Што ако се јави потреба или побарувања да се вклучиме во некаков редуциран сојуз на суверени југословенски републики или во редуцирана југословенска федерација. Што ако армијата се јави како фактор за разрешување на моменталната состојба. Затоа сметам дека независно од преамбулата во овие ставови треба да се придодаде ставот за изградба на нашата национална стратегија и за изградба на нашата стратегија во однос на сите овие последни три опции за кои што зборував.

**АРСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, политичката криза во претседателството на Југославија наликува на нарцисоидна филозофија која никогаш немала позитивен премин во токовите на позитивната перманенца на развојот на општеството. Каде оди Југославија во овој миг? Дали имаме разумна држава или држава на разумот? Очито е јасно дека го немаме ниту првото ниту второто. Зар не сме свесни дека за човекот животот без дијалог и без истражување е суша како камен, тоа е еднакво како морнарот да е без компас, а денес за жал Југославија е без компас. Зар не е точно помислата на Русо дека човекот е роден слободен, но секаде е во окови и навистина и ние во овој миг се наоѓаме на окови. И конечно сметам дека овој Парламент треба под итно да донесе свој став или заклучок. Ги прифаќам сите заклучоци и на крај ќе дадам еден посебен предлог и навистина сите овие перманенции кои денеска се јавуваат во политичката смисла во Југославија навистина не личат на ништо.

Интересно исто така е да се напомена дека во нашата земја почнувајќи во последните 10 години не се почитуваат уставните одредби ниту деловниците, ниту пак законските премисии. Со години се фалиме,па дури и денеска се фалиме дека сме најдемократска земја, но забораваме, ја забораваме основната теорема на демократијата дека слободно општество, суверени граѓани во политиката и во општествената еднаквост. Тој кој ги сочинува неправдите е без сопствена среќа. Како може да се оправдуваат трите гласа на Србија кога веќе двете покраини, де јуре не постојат на ниво на Србија и дефакто на ниво на Југославија. Како може да се прифати од страна на Собранието на Југославија Сеидо Бајрамовиќ не легитимен, на нелегитимен начин е избран од страна на населението на Косово и кој доби само 0,5 гласа од избирачите. Навистина овој случај е мошне чуден случај за гинисовата книга.

На крај имам еден конкретен предлог. Парламентот треба да го овласти нашиот претседател на Републиката да се договори со сите републики кои дале глас на Стипе

Месиќ и тие исто така да го дадат својот глас односно повторно да се здружат сите четири републики да формираат своја одбранбена стратегија од агресивната политика на врховништвото на Србија.

**СЕЈФЕДИН ХАРУЛИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа, почитуван претседателство.

Јас ќе се залагам да бидам краток, но сепак и јасен. Една одлука без разум и без ум на претседателството на СФРЈ вчера ја пушти Југославија во нова длабока криза која внесе голема загриженост, вознемиреност и неизвесност во целата земја. Стипе Месиќ вчера не е избран за претседател на претседателството како последица на една тврдглава и статична политика на српските власти. А, исто така и на нивните сателити, веќе никој не може не само да ме убедува, а воедно и не може да се крие зад наводниот спас на Југославија без оглед дали во меѓувреме ќе се најдат некои компромисни решенија. Послушниците на Слободан Милошевиќ со последниот чин ја обезглавија Југославија, бидејќи уште во почетокот на оваа политика, српската политика не беше спремна за рамноправен дијалог со сите други народи и народности на Југославија. Се додека не беше спремна таков рамноправен дијалог да направи со сите други народи и народности таа со една таква политика другите ги стави пред свршен чин. Ваквата политика своевремено беше зацртана во познатиот меморандум на српската академија на науки и уметности. Таа политика зацртата во тој меморандум се најде и водачот за да ја реализира во практика. Тој ист документ, тој ист меморандум наиде и на полна поддршка на оддредени националистички кругови пошироко во земјата. Кога го зборува ова дека беше потпомогнато од некој други националистички кругови на Југославија и истите" во една претходна дискусија јас реков дека му дадоа зелено светло. Земјата ја донесоа од криза во криза и во тотален расул. Таа прва политика прво експериментално се покажа во Косово потоа во Војводина и истата се примени и во Црна Гора со една единствена цел главниот поход да оди кон другите делови на Југославија.

Ова што го реков беше накратко проектот на првиот меморандум. А сега наскоро еден ист таков проект е повторен, исто така од академија на науки и уметности на Србија. Во тој проект се опфатени деловите на Хрватска, Босна и Херцеговина и Македонија. Кога реков дека и истото беше не само потпомогната од одредени националистички кругови, ќе потсетам само во политичката хиерархија тоа го спомна и еден наш врвен политичар. Наводно со штабскиот документ на контрареволуцијата во Косово и во другите делови на Југославија ги стави сите интелектуалци и сите родољубиви со затворена уста да не го креваат гласот и да не ја погледаат во очи таа намера

и таа политика на Србија. А за да се повтори истата за контрареволуција секакот требаше да поминат 10 години и 66 дена и најпосле да се докаже дека таа вчера поддеднаково ја имаат наесетно сите граѓани и денес во Југославија со стотица убиени и изрешетени војници. Вчера ние бевме на потег, денес Сашо беше на потек итн.

Дами и господо сите сме родители и сите таа болка на така изрешетани момци и војници ја осеќаме. Вчера на таков потег жртви бевме сами ние Албанците, а денес сме на потег сите подеднакво и Македонците и Црногорците и Муслиманите и Хрватите и Словенците. И таа криза во овие делови на Југославија со третман да се прошири и во Балканот и пошироко и да ја доведе земјата на тој вчерашен  лош Блкан на таа вчерашна лоша Европа. Од хаос во хаос.

Предлагам нашиот претседател и членот на претседателството максимално да се залага во преговорите за демократски излез од оваа југословенска криза. На тие преговарачки маси да бидат сите  конститутивни елементи на Југославија, сите 6 Републики и 2 покраини.Да не се случи тоа вчера, што го рекле некои наши политичари дека Косово и Војводина е работа на Србија, а денеска токму тоа се покажа на вчерашното гласање дека тоа не е работа на Србија, туку работа на Југославија. Затоа тие облигации на сите тие конституивни елемент: на Југославија, потписници сме и на други меѓународни договори како што е КЕБС, а во тие облигации ние сме заземале и многу обврски.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Најнапред се извинувам што можеби ја користам оваа говорниц само како резултат на тоа што на разговорите и преговорите што ги врши претседателството на Собранието и другите функциониери избрани воопшто не се консултираат независните пратеници. Па, бидејќи не можеме да кажеме тоа во претходните договори моите ставови и размислувања ќе ги кажувам секогаш од оваа говорница, било некој да реагира или не. Затоа протестирам на денешниот договорен состанок. што не бев повикан како независен пратеник, заедно со раководителите на пратеничките групи и незнаејќи го текстот на предлогот на заклучоците имам подготвено некои предлози за дополнуваше и измена на овој текст. Можеби немаше сега да ги образложувам доколку претходноа бев повикан, меѓутоа се тече како што и си почна.

Конечно верувам дека стана повеке од јасно кој ја развива Југославија и кој е против целосната рамноправност на републиките како суверени држави, што од друга страна пак сосема експлицитно е утврдено во став 3 од глава I на основните начела во уводниот дел и членот 3 од I дел на Уставот на Југославија каде што сосема јасно и прецизно е кажано: "работните луѓе народите и

народностите одлучуваат во Федерацијата врз начелото на спогодување на Републиките и автономните покраини, на солидарност и взаемност и на рамноправност,но учество на Републиките и автономните покраини во органите на Федерацијата и дека Социјалистичка Република е држава заснована врз суверенoста на народот".

Што се однесува до внатрешните граници во член 5 од Уставот на Југославија се вели дека територијата на Републиката не може да се менува без согласност на републиките,а границата помеѓу републиките може да се менува само врз основа на нивна спогодба.

Наведените одредби од Уставот на Југославија ги цитирав за да укажам на фактот дека неизборот и непрогласувањето на изборот на Стипе Месиќ од Хрватска за претседател на претседателството на Југославија е само врв и одраз на едно сценарио кое во Југославија има за цел негирање на со Уставот загарантираната целосна рамноправност на републиките како суверени држави во функција на повампирениот големо српски хегемонизам, што има за цел создавање на таква Југославија "чие зачувување е од посебно значење на српскиот народ, затоа што со тоа му се овозможува да живее неподелено и да ги остварува своите легитимни национални интереси и дека е историско право и потреба на српскиот народ да живее во една демократска држава што мора да се почитува во секоја варијанта на решението на југословенската криза". Цитатот од со ваков сарказам употребениот назив-декларација за мирно решавање на југословенската криза против граѓанската војна и насилство донесена од Народното собрание на Република Србија на 4-та седница на 1-то редовно заседание на 2 април оваа година, што заради запознавање нашиот Парламент ја доби на 3 април под деловен број 03220.

Ке спменам уште неколку бисери од оваа декларација за да се сфати дека однесувањето на претставниците од Република Србија во претседателството на Југославија е само израз на една политика што се спроведува од страна на српското раководство во Југославија со цел создавање демагошка претстава дека сите во Југославија се против Југославија, а само Србија е за Југославија, всушност за голема Србија или Србославија.

Во точка 6 се вели: "Народното Собрание на Република Србија и сите државни органи на Република Србија ќе ја дадат сета потребна помош и поддршка на Србите во Република Хрватска", што одскокнува од изјавата на претседателот на српската Влада дека Србија нема никаква врска со настаните во Хрватска.

Точката 8 вели: "Народното собрание на Република Србија утврдува дека правото на самоопределување на секој југословенски народи, вклучувајќи го и отцепувањето може да се користи само врз основа на изјаснување на секој

народ по пат на референдум". Тие веќе јасно се изјаснија каков референдум бараат и за каква Југославија се залагаат.

Во точката 9 од таа декларација се вели: "Народното собрание на Република Србија бара претседателството на Југославија да обезбеди југословенската народна армија да се ангажира сообразно на нејзината уставна функција во српската автономна краина Краина, Славонија, Барања, Западен Срем и во сите места во кои живее српско население. "Народното собрание на Србија бара врз овие претпоставки да продолжат и да завршат во претседателството на Југославија и меѓу претседателите на Југославија почнатите разговори за мирно разрешување на југословенската криза. Значи, сугерираат и бараат да продолжат и да завршат сите разговори во Југославија според оваа декларација што српското народно собрание ја понуди.

Ова е генералната политика на српското раководство и на нејзините претставници што нема допирни точки со нашата платформа и што во основа на негира и сувереноста на нашата Репбулика.

Од друга страна својот Устав од 28 септември 1990 година Србија е прогласена за држава на српскиот народ, автономните покраини се сведени на облици на територијални автономии без никакви права, претседателот на Републиката е прогласен за командант со оружените сили во мир и војна итн.

Ако Југославија ја има само југословенската народна армија тогаш се поставува прашањето со кои вооружени сили ќе командува претседателот на Србија, Милошевиќ? Одговорот може да се наслути, а наша сугестија е во врска со ваквото однесување, барање за промена на границите српското раководство да не ги бара границите од 1918 година туку би му препорачале да ги побара српските граници од 1912 и 1913 година.

Со оглед на тоа што Владата доби обврска да подготви материјал по оваа декларација и ставот на Хрватска по однос на оваа декларација, секако и ставот по словеначката декларација кој го добивме во редовна процедура собраниска барам за првата наредна седница да добиеме материјал и да отвориме расправа по него, по мислењето на Владата по сите овие три текста што ги добивме од Собранието на Србија, Хрватска и Словенија.

На овој народ му преседна и му дојде преку глава однесувањето на Јовиќ и претставниците од Србија кои сега практично станаа тројца во Претседателството. Затоа ние мораме да го покренеме прашањето ако Србија е суверена држава во органите на Југославија може да биде застапена иста како и останатите републики, а не да го користи и правото на автономните покраини за глас во претседателството односно во Федерацијата, а во самата Србија тие автономии да ги прогласува само декларативно.

Оттука сметам дека Јовиќ, меѓутоа, и Кадиевиќ и Аџиќ заслужвуаат крајна осуда во постапките и своето однесување заради сета наметната ситуација во Југославија употребата на ЈНА во политички задачи, меѓупартиски, меѓурепублички и меѓунационални судири и поседувањето по методи и мерки на тоталитарните режими.

Сето ова сценарио за цел има злоуптреба на ЈНА и прогласување на воена состојба. Затоа неосновано е инсистирањето на Јовиќ на вклучувањето на Армијата во политичката разврска на иднината на Југославија.

Ако Јовиќ направи нешто разумно во целиот негов едногодишен мандат, тоа беше лакрдијата што ја направи со неговата оставка. Затоа може на нас или на некого, било кој претставник на друга Република да не ни се допаѓа. Меѓутоа, ако е тоа легитимен претставник на некоја суверена Република, тоа е факт, тоа мора да го признаеме и прифатиме. Можеби целата на специјалната војна е Македонија да се сврти против Хрватска да застане нормално природен сојузник на Србија, бидејќи убиството на Сашо се случи по изјавата на претседателот на нашата Република Глигоров, дека ако се отцепи Хрватска и Словенија од Југославија и Македонија нема да остане во остатокот од Југославија. Меѓутоа, да не го прејудицираме работењето на судовите, да ја сочекаме истрагата и судската пресуда и дури тогаш да го кажеме конечниот став без претходно дисквалификување на некого дека е убиец према некој.

Мислам дека овој Парламент во Платформата веќе еднаш се изјасни и на тоа треба да остане доследен. ЈНА да се употребува како активен дел на заедничките вооружени сили, со цел заштита и одбрана на независноста интегритетот и територијалната целокупност на земјата од надворешна агресија. За ова се определивме во платформата и барам овој Парламент и понатаму уште еднаш да ја потврди оваа своја опрделба и да инсистира ЈНА да се употребува само за цели на одбрана на територијалната целокупност на земјата и интегритетот од надворешна агресија. Тогаш нема да ја злоупотребуваме или некои генерали да водат војна со Армијата во денешно време во Југославија. Ништо друго, бидејќи секоја друга употреба ќе значи непосреден повод за граѓанска војна. Ние мораме да се оградиме од ставот на Претседателството на Југославија, тоа го нагласив на последната седница и на оваа седница повторно инсистирам со кои се предлага формирање паритетна група составена од претставници на Република Хрватска и легитимните претставници на Српскиот народ во Хрватска и присуството само на единиците на ЈНА во Хрватска, со забрана на движењето на легитимните полициски сили на Хрватска и на сопствената територија, бидејќи со тоа си правиме сами на себе мечкина услуга. Не може да зборуваме за наша сувереност, а да подржуваме ограничување на суверeноста на

било која Република.

Имајќи го предвид тоа што напред го кажав, предлагам Парламентот да ги донесе следните заклучоци:

1. Се осудува секое насилство од политички цели и употреба на ЈНА во решавањето на внатрешните меѓупартиски и меѓунационални судири во републиките и меѓурепубличките судири.

Со оглед на тоа што неизвесноста сеуште виси над нашите глави, а ние не сме сигурни како Претседателството и покрај нашиот став за поддршка на Месиќ за претседател на Претседателството ќе биде, па тука има генералштабот на ЈНА, неколку заклучоци ги предложив во Платформата која се наоѓа за некоја наредна седница на разгледување. Меѓутоа, инсистирам Парламентот како заштита на суверeноста на Македонија да ги донесе на оваа седница.

2.Командата на ЈНА и Претседателството на Југославија не можат во било каков состав да ги ангажираат единиците на ЈНА на територијата на Македонија без претходна согласност на овој Парламент или претседателот на Македонија. Само Парламентот односно претседателот на Македонија го утврдуваат постоењето на непосредна воена опасност, прогласуваат воена состојба и може да донесат одлука за ангажирање на ЈНА на сопствената територија на Република Македонија.

Дотолку заедничката команда на ЈНА или друг орган на Федерацијата ги ангажираат единиците на ЈНА на територијата на Македонската држава без претходно добиена согласност од страна на Парламентот односно претседателот на Македонија, таквиот акт се смета за чин на агресија и окупација на Махедонија. Во таков случај Владата на Македонија да добие посебни овластувања веднаш да побара заштита на мирот, безбедноста и сигурноста на граѓаните и државјаните на Македонија и заштита на независноста и интегритетот и територијалната целокупност од Европскиот Парламент и Советот за безбедност на СОН.

На петтиот заклучок односно на петтиот став би сакал да додадам уште една забелешка. Овде се вели:"се задолжува Владата да ги согледа состојбите и последиците од сите можни варијанти за разрешување на Југословенската криза". За нас постојат само две варијанти и тоа: Сојуз на суверени држави и раздружување. Други варијанти не постојат. Според ова се задолжува Владата само да ги согледа состојбите и последиците. Меѓутоа, што ако се случи она што може да се случи, а ние си останеме само со согледувањата аналитички за состојбите и последиците. Заради тоа, во точката 5 предлагам да се додаде уште еден став и тоа: "Се задолжува Владата на Македонија на Парламентот на Македонија веднаш(непрецизираме рокови заради тоа што ако прецизираме рокови некој од надвор можеби ќе сака да инцинира некоја состојба во тој рок за

да не го дочекаме последниот ден од рокот) да му ги поднесе сите акти, мерки и активности кои треба да се преземат и донесат заради економско осамостојување на Македонската држава, обезбедува&е на нејзината névereност, самостојност и независност меѓународната позиција и надворешна политика во идниот Сојуз на суверени држави или евентуално раздружување и издвојување од Југославија". Ние овие акти мораме да ги имаме, бидејќи ако бидеме сојуз на суверени држави, повторно како суверена држава ќе си имаме своја самостојност и свои законски мерки мора да имаме донесено.

Во став 2 од точка 1 да се додаде и да се каже "за Собранието на СР Македонија Стипе Месиќ е легитимен претседател на Претседателството, а Бранко Костиќ легитимен потпретседател на Претседателството од 15 мај 1991 година"

Во точка 3 покрај тоа што се вика "се залага Сојузниот извршен совет да функционира и понатаму,(да се додаде), и Сојузното собрание, непречено да ги остваруваат своите функции". Понатаму веднаш да се поведе постапка за измени на Сојузниот закон за воената обврска кој е пред неколку дена донесен. Цивилната заштита е укината, а командувањето со ТО е префрлено на ЈНА, што е во спротивност со нашата платформа која ја донесовме и со која кажавме дека командувањето во мир со ТО е право и обврска на претседателот на Република Македонија.

Владата со конкретен законски предлог веднаш да предложи Собранието да ги суспендира овке одредби од Сојузниот закон да покрене постапка Парламентот пред Сојузното собрание да се промени оваа одредба од Сојузниот закон, а во нашиот Закон за народна одбрана правото на командување со единиците на ТО, согласно Платформата да се довери како право и обврска на претседателот на Републиката.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Мислам дека во ова време кога разговараме за сериозни работи треба да ги бираме зборовите и да бидеме на висина на задачите кои што во овој момент треба да ги насочиме. Во таа смисла кие добивме едно воведно излагање за состојбите, така беше свикана и седницата. Денес исто така добивме и предлог заклучоци што би требало да заклучиме. Денес ние не расправаме ниту за донесување на Устав, ниту расправаме за нешто ново кое што во овие изминати 45 години слободно живеење да сме го случајно живееле. Од тие причини се залагам да ја насочиме дискусијата кон делот на она за што денес е свикана седницата, а прашањето на промената на Уставот и сите останати работи да ги оставиме за тогаш кога ќе бидат поставени на дневен ред.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господо,

Јас не знам што зборови треба да бираме според сојузниот пратеник. Што зборови треба да бираме во ваква ситуација кога Македонија е цела во тивка блокада, а не само во тивка блокада, веќе тоа станува јасно кои се овие задкулисни игри што се изграат во Југославија. Јас го нарекувам југословенски случај овој. Се знаат јасно тенденциите кои се и како се посегнуава врз Македонија, Вчера ако беше случај Црна Гора, пред тоа го знаеме случајот со Хрватска, утре ќе ни се случи и Македонија преку Куманово и преку тие политички партии што имаат не знам каква ориентација. Не треба многу да се завиткуваат работите во најлон. Ова е игра на арсланите и на оваа игра на арсланите што ја водат во Југославија треба да се спротивставиме умно и разумно, но како? Овде, внатре ние треба да имаме еден политички консензус за сите овие прашања, без бомбардирање. Исто така, треба да знаеме да го амортизираме ударот што ќе дојде од таму, а тој ќе дојде. И вие треба да бидеме подготвени како суверена држава, инаку од нас нема ништо да остане. Јас мислам дека нема потреба од реплики. Она што го кажа Петров сето држи. Не значи на оваа седница тоа да се расправа, меѓутоа треба брзо и ефикасно да се работи, ние да бидеме спремни. Рече добро Тодор Петров, има две опции. Јас мислам само едно, а тоа е независна Македонија - отцепување. Јасни се веќе игрите и затоа мислам дека не треба вака да настапуваме кога некој од нашите ценети и почитувани пратеници овде изнесат добри аргументи а ние се спротивставуваме на нив и чекаме секогаш ние некој нешто да ни сервира. Дај еднаш ние да му сервираме на некого нешто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, имаме овде пријавено за дискусија доста пратеници. Ако барате реплики, Ве молам одете конкретно, бидејќи се користат репликите за изложување на комплетен политички став и поглед. Тоа не е во ред.

Има збор Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Драги пријатели, предочете им ја картата на Македонија.Волци. За жал така е. Дали историјата не се повторува. Мене ми се чини да, за сите кои живеат во Македонија. Дека е тоа така, така е. Секој во оваа сала, во овој Парламент кој го избра народот треба да го почитува гласот на народот. Секоја реплика врз реплика е нелогична. Дали во овој момент Македонија треба да чека. Не. Потполно се согласувам со господин Петров. Јас како член на овој Парламент, искрено од оваа говорница му се заблагодарувам на претседателот на Републиката и на членот на Претседателството за актот кој го направија

кога истапија од заседанието бидејќи ја исполнија волјата на овој Парламент и на народот на Македонија.

Не сакам да навлегувам во уставните правила. Точно е дека требаше да биде Хрват. Но, за играта, кажав на претходната седница дека нашата игра е без граници. Така е. Јас нешто памтам од историјата и таа ми е запечатена во главата. Кога велам дека историјата се повторува, се враќам малку назад после првата светска војна во времето кога во Србија владееше Пашиќ, а во Грција Капандарис. Изиграа една голема игра за поделбата и уништувањето на Македонската нација. Значи секогаш сме жртва ние. Ми се чини дека Месиќ како претставник на Хрватска треба да го земе местото, а со тоа демократски ќе се реши играта околу Југославија.

Што се однесува до ЈНА, таа е Армија од сите народи кои живеат во Југославија. Никој нема право таа армија да ја злоупотреби во дадениот момент. Ако ЈНА настапи од името на некој командант треба да биде спречен, затоа што жртва ќе бидат децата Југословенски.

Собранието на СРМ денес треба да заземе единствен став и да им дадеме поддршка на луѓето кои не претставуваат горе во Федерацијата.

На крајот се согласувам со заклучоците што ги даде господин Петров. Ако чекаме да дојде пет до дванаесет ние сме сите драги пријатели, жртва.

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници.

Се јавив за реплика на пратеникот, мислам дека се вика Котевски. Остро протестирам против спомнување на Куманово како можност дека преку тој град и прети опасност на Македонија.

Во тој контекст ја поставувам и изјавата на пратеникот Томислав Стојановски на една од изминатите седници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Стојановски не е присутен.

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ:**

Се извинувам, но морам да го кажам ова. Кога изјави во Куманово дека во Куманово исто така се изјавило дека Куманово сака да се откаже од ТВ Скопје, а сака да се претплати на ТВ „Белград, што е тотално невистина и дека е Куманово е просрпски расположено. И тоа не е вистина. Тоа беше поставено во контекст дека јавните гласила треба малку повеќе внимание да му обрнат на Куманово.

Дали со ова се сака да се создаде фама дека Куманово е антимакедонски расположено. Барам аргументи за вакви дискусии бидејќи тие ќе бидат единствен доказ како Куманово се однесува.

Можеби, веројатно има луѓе како што има и во сите средини кои не стојат на линија на сите овие документи што ги носи овој документ, но Ве уверувам дека поголем

дел од Куманово стои на линијата на Парламентот и Куманово е составен дел на Македонија и во својата историја многу пати докажа дека е на линија на Македонија и на линија на Југославија. Ако голем дел од Куманово се смета дека е пројугословенски ориентирано, тоа е затоа што се наоѓа на границата меѓу Македонија и Југославија и треба да биде мост за поврзување на македонскиот и на српскиот народ, без разлика на овие стрвења што се јавуваат и без разлика на политика што во овој момент ја води српското раководство. Мислам дека Куманово не треба да се спомнува во овие контексти барем не овде во Парламентот, без аргумент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, дали сега можеме да продолжиме да работиме?

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани народни пратеници,

Пред се би сакал да јас поддржам иницијативата на претседателот за вака итно свикување на ова Собрание, бидејќи историските ситуации се такви што веројатно и во наредниот период ќе има потреба од вакво итно свикување на Собранието, како би можеле нашите претставници во Претседателството во Сојузниот парламент или било кои други сојузни органи да можат што поверодостојно да ги пренесат ставовите на народните пратеници, а со тоа и на поширок круг граѓани во Републикава.

Поддржувајќи ја оваа иницијатива, едновремено би сакал да предложам дека денеска, покрај овие заклучоци што ги усвојуваме, што се предложени за усвојување, треба да дадеме целосна поддршка и на досегашните искажувања, учество и истапување на нашите претставници во Претседателството на СФРЈ. Пред се, мислам на претседа-телот на Републиката, и посебно последните седници на членот на Претседателството на СФРЈ од СРМ, господинот Тупурковски,а и на господин Глигоров.

Ценам дека нивното истапување во целост се темели врз така мудро осмислената и Платформа и наша Декларација што како темелни документи ги усвоивме и навреме ја отворивме нашата стратегија за овој период во кој влегуваме и сега и врз кои принципи и натаму нашата активност треба да се насочи.

Второ, во целост би ги поддржал предложените заклучоци од работната група, меѓупартиска, меѓупратеничка, што се предложени, бидејќи тие се примерни и на ситуацијата и на прашањата што непсоредно се врзаени со неизборот на господин Месиќ за претседател на Претседателството на СФРЈ.

По тој повод би сакал да кажам само неколку свои опсервации бидејќи ги прифаќам сугестиите што беа дадени дека сепак, по повод оваа тема, и покрај тоа што е

неизбежно да се покренат и други мошне сложени прашања и проблеми, бидејќи неизборот на Месиќ претставува само уште едно камче во мозаикот на една стратегија која што подолг период во Југославија, не само од српскиот национализам, туку и од другите национализми и сепаратизми се присутни, а кои до таа мерка ескалираат што веќе денес се судираме со целосен распад на уставно-правниот систем во земјата, доведување во прашање на целиот стопански систем и сето тоа во името на божемните интереси на своите народи кои тие исти народи ги доведуваат во меѓусебна братоубиствена војна и на границата на елементарната егзистенција на човекот.

Мој впечаток е дека последниот настан во Претседателството, добивам впечаток дека е израз на еден страв од тие национал-лидери до земјата, еден страв дека можат работите да тргнат по мирен и демократски пат во земјата да се разрешуваат. Како впрочем поинаку да се протолкува ваквиот исход на резултатите и конфронтациите после неполни 10 дена или неполни 10 дена од одржувањето на последната седница на Претседателството кога едногласно се усвоија ставовите за разрешување на кризните жаришта во Југославија, прифаќајќи ги едногласно и ставовите на СИС.

Со други зборови, секој потез на една страна влече 2 потези на друга страна во меѓусебна конфронтација, што говори дека не се работи за едно процедурално само прашање, како што и другарите до сега говореа и покрај тоа што во суштина е процедурално, туку дека тоа е во склопот на една целосна стратегија за натамошна ескалација на меѓусебните судири во земјата. И, дека тоа е само израз на доведување во прашање на рамноправноста на републиките, нивната легитимност, самостојност во определувањето на сопствените предлози и ставови во разрешувањето на постојната криза во земјата.

Во таа смисла ценам дека Декларацијата каква што ја донесовме, а посебно Платформата за нашите разговори треба да бидат и натаму темелни одредници за нашите претставници како во Претседателството така и во сојузното,собрание за натамошно разрешување на сегашната уставна и политичка криза.

Секако, алтернатива. На нашата јасна определба дека само по демократски пат може да се дојде до прифатливи решенија за сите учесници во разговорите и за сите републики и сите народи во земјата може само да се избегне катастрофална криза во која што натамо може да западне нашата земја. Во тој дух ги поддржувам предложените заклучоци и излагањето на господин Тупурковски.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господин претседателе, дами и господа,

Еве, се случуваат нешта, а и неизборот на господин

Месиќ по се изгледас е за да проработи нашата свест.

Стигнавме до една кулминација на политичка и државна криза. Со години се наметнуваше една хегемонистичка и аспиративна политика, а ние намерно или ненамерно како да сакавме да не веруваме во сето тоа. Знаеме дека првата штих проба на српскиот хегемонизам успеа на Косово каде што во калоп - стил прегази се што е човеко и уставно. Но, во Европските и светските размери ги заслужи и сите хипотеки, но за жал тие хипотеки важат и за нашава Југославија.

Ние другите тоа не го сфативме сериозно, наивно мислејќи дека тоа е некоја "детска игра", а што е најжалосно, од време на време се испоставивме и во испомош. Не што бевме во улога на марионети, туку и посредно и непосредно асистиравме, каталитички во сето тоа, без наша оригиналност.

Новиот повеќепартиски параламент со Декларацијата и Платформата за позициите на Македонија им даде можност за јасен став на нашите претставници. Добро, за среќа што се случи и тоа. А, нивниот придонес во разрешувањето на југословенската разврска е за поздравување. Но, тоа другите не го признаваат, освен БиХ, затоа што имаат сосема други опции и амбиции. Уличните политичките карневали поттикнати од институциите едновреме, сега веќе се со искуство и се враќаат во истите институции затоа што токму од нивните редови дојдоа луѓе што се подучени да создаваат кризни состојби. И, веќе ги создаваат.

Истиот ден кога требаше да се предаде "штафетата" на претседателот од господин Јовиќ на господин Месиќ на платото пред Собранието на СФРЈ, во атарот на Собранието на Југославија се слушаше рефренот - "око за око", "заб за заб". Го знаеме епилогот од сето тоа. Утре дента, божем да се успее во излезот од една пат позиција, требаше под притисок на Србија да се жртвува едно југословенско собрание за да се потврди и избере нелегитимен член на Претседателството, во случајов Сејдо Бајрамовиќ.

Овие политички игри, со подготвено сценарио, директно атакуваат и врз совеста на самите делегати. Се создаде атмосфера на психострахување. Се постигна целата и пак уште повеќе се зацврсти една пат позиција во Претседателството, дури веќе знаеме, со нови негативни махинации.

Македонија, во овие ситуации, ако ги афирмираме, а се надевам и граѓанските и националните права за сите кои живеат во неа, ќе имам сигурни позиции и во Југославија и во европски рамки. Потенцијал каков, како што рече господинот Тупурковски имаме и верувам во добрата волја, затоа што друга алтернатива немаме. Затоа ги поддржувам ставовите на ова Собрание што веќе беа поднесени, а изборот на господин Месиќ мислам дека без двоумење е

легитимен.

Светските примери даваат надеж дека полека, но сигурно, ќе ги опаметат политичките силувачи, кои бараат покорување на другите. Само за момент ве потсетувам на Ирак и Кувајт. Се надевам нема да дојдем во ситуација за нас еден ден да расправа дури и Советот за безбедност.

Да завршам само со една реченица: "Југославија не се наоѓа во Србија"

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Живееме сепосиромашно, понеизвесни, загрижени. Место да ја концентрираме нашата индивидуална енергија за излез од кризниот понор, нас не талкаат се подлабоко во тие неизвесности, фактори вон од овој убав македонски простор.

Со неизборот на претседателот на Претседателството на СФРЈ се разголуваат агресивните сценарија за разбивање на Југославија, како и негирањето на одделни народи и суверени држави во неа. Дури и од устите на идните челници се зборува за измислени нации и држави, а пред се нашата. Се плука врз вековната борба на македонскиот народ, овенчана со АСНОМ од оние синови чии татковци поробители го фрлаа во ропство и национална асимилација нашиот испатен народ.

Дали е тоа иднината на Југославија? Таква иднина нам не ни треба. Ние сме борци за поинаква Југославија, за Југославија како сојуз на суверени држави кои слободно, демократски ќе живеат врз критериумите на цивилизирана Европа.

Тие појдовни премиси, длабоко вткаени во Платформата за преговори и Декларацијата за суверената македонска држава, што автентично ги толкуваат нашите претставници во преговорите и внатре во Претседателството покажуваат колку обмислено, колку длабоко било вниманието на овој Парламент при донесувањето на овие документи.

Во рамките на своите редовни активности, Владата на Македонија со големо внимание ја следи актуелната политичка и безбедносна состојба во земјата. Овие активности, низ седниците и активностите на самата Влада се огледуваат и низ конкретните мерки и активности што ги преземаат надлежните органи во Републичката управа. Во оваа насока, а поради ескалацијата на недоразбирањата во Претседателството на Југославија околу изборот на претседател на Претседателството во лицето на претставникот на Хрватска, Владата на Македонија одржа вонредна седница вчера на 17 попладне во 18,00 часот, во очекување на разврската од седницата.

При тоа, главна тема беше информирањето за актуелно-безбедносната сосотојба во Републиката и земјата. За ова детално и со сите релевантни податоци и показатели информирааа страшините на надлежните ресорни органи: министерот за народна одбрана и министерот за

внатрешни работи. Тие укажуваа за релативно мирните состојби кај нас, а и загриженоста која постои на тој домен.

Владата, при тоа, констатира дека состојбата во Републиката е стабилна, при што органите редовно и без позначајни проблеми го оддржуваат јавниот ред и мир. Разните дезинформации од некои извори,од Србија, имаа за цел само да внесат вознемиреност кај граѓаните во Републиката и немаат реална основа. Тоа се разни екстермни политички партии кои спрема своите сценарија сакаат своите агресивни дејства да ги пренесат и на нашиот тереен. Меѓутоа, сеуште се тоа илузии во нивните глави.

На седницата, исто така стана збор и за состојбите што ќе станат со стапувањето во сила на неодамна усвоените закони за народна одбрана и за воена обврска што треба да стапат на сила на 30.VI. Сакам да ве информирам дека со тие закони значителен дел до работотите што беа во надлежност на републиките преминуваат во надлежност на ЈНА. Меѓу другото и комплексот на прашањата околу регрутирањето. Во расправата се разви дискусија и околу можностите да се избегне неповолната ситуација во која би се нашла Републиката, а и самата Влада на Македонија која што веќе се изјасни за тоа поголем дел од регрутите во нивниот рок да служат на територијата на Република Македонија.

Врз основа на овие опширни реферирања на надлежните ресорни министри и врз дискусијата што понуди повеќе идеи и решенија во спомнатите области, Владата на Македонија формира Работна група на експерти од разни области која што има задача наитно да го разгледа неодамна донесениот Закон за народна одбрана и сојузниот закон за воена обврска.

Истовремено, овие закони ќе бидат доставени до сите членови на Владата за проучување, бидејќи тие не беа соучесници со нивното донесување, а потоа ќе се води расправа за заземање дефинитивен став како да се заштитат сувереноста на Републиката и во оваа област, врз основа на оние проучувања и оценки, Владата на Македонија ќе има јасен поглед кон излезните решенија за надлежностите на Федерацијата и републиките во областа на народната одбрана.

При тоа, ќе биде оцената и можноста Владата да понуди закон со кој одредбите на Сојузниот закон за народна одбрана што се во спротивност со Декларацијата за суверенитетот на Македонија ќе ги стави вон од сила. Поаѓајќи од утврдените состојби и ставови и оценки заземени за нив на седницата на Владата, членовите на Владата едногласно заклучија да се обрати Владата до македонската и пошироката југословенска јавност со свое соопштение во однос на актуелната политичка ситуација во

земајта и републиката. Во соопштението посебно се истакнува дека Владата на Македонија е во постојан тек со настаните на југословенската политичка сцена и истите ги следи и анализира со полно внимание, особено имајќи ја предвид и позицијата на нашата Република во тие настани.

Тргнувајќи од моментно попоповолната безбедносна состојба во Републиката, како и од ефикасната работа на органите задолжени за обезбедување на редот и мирот Владата, во своето обраќање до јавноста, посебно укажа на потребата ваквата смирена состојба да се одржи и понатаму заради одржување на атмосфера на разум и мудрост во која и на Владата и на Парламентот на Македонија ќе им биде овозможено ефикасно да ги извршуваат уставните и законските надлежности и одговорности.

Владата укажа на потребата да се подигне безбедносната состојба во Републиката и нареди да се зајакне заштитата на јавните објекти од општ национален интерес. Сакам накратко да ве запознам дека оној што се наметнува како обврска на Владата, а тоа е ние интензивно да работиме на програмата за својот мандатен период, изградувајќи нова визија на нашата иднина, нова филозофија и модел на развој, изградување пред се, на нов правен, политички и економски систем, во кој ќе се вткајат механизми на заштита на македонската суверена држава, оваа програма ќе биде предмет на оценка после 15 дена на овој Парламент, па се надевам дел од дискусијата која би била потегната да се суздржи од овој домен засега, како би можеле поопстојно да ги разгледаме овие проблеми кои Владата ке ги предложи во својата програма. Тоа е крупна обврска, во која се вткајува целиот наш напор да дадеме нова слика на иднината, да се свртиме кон разрешување на крупните кризни проблеми, да не остаават на мир и спокојно да работиме во изградувањето на нашата иднина. Јас се надевам дека покренатите проблеми во програмата која сега интензивно се завршува, ќе побуди интерес и ке ги спои немирните духови и ваши како различити гледања на иднината и сигурно ке бидете придружници кон општото добро за просперитет на нашата македонска држава.

Исто така, Владата работи и на развојната концепција преку разни проекти и пристапи, сака да укаже на конкретните ангажмани. Ние сме во низа договори со странски и домашни партнери и да се радуваме скоро дека во разни аспирации кои што го подгрејува стручниот потенцијал на Владата, сигурно ке бидете свидетели на извесно охрабрување. Но жалосен е фактот дека политичктие состојби во Југославија го кочат тој процес, вон од нашите амбиции, вон од нашата волја, вон од љубовта Владата да работи за доброто на Македонија.

На крајот Владата настојува да изгради стратешки сценарија во различити опции за идното политичко решавање

на југословенските народи, тргнувајки од нашите појдовни принципи за кои зборував. По тие сценарии ние скаме да ги доближиме врз база на аргументи, врз база на познајни реперкусии, без емотивни набои да внесеме реалистички пристап, да видиме што тоа значи, живеење во една Југославија како сојуз на суверени држави, или што тоа значи, доколку судбината ќе ни биде доделена да бидеме самостојни. Сето тоа бара да се зауставаат нашите набуели фантазии, преку емоции, бараат сталоженост, мир, продлабочена анализа, аргументи, а пред се да ги спознаеме реперкусиите. Тоа не значи дека Владата ќе одолговлечува со ова. Ние ја прифакаме обврската по точката 5, па дури ја прифакаме и со оние додатоци за кои младиот бунтовен ваш член на Парламентот Петров ја упополни, сето тоа е пожелно да се на свој начин простудира и се надевам дека во најблиска можност временска дистанца ќе ви биде предложено за разрешување.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, Политичката криза во Југославија пропратена до криза на уставно-правниот систем, криза на меѓунационалните односи и со се поизразена економска криза го достигнува својот зенит. Сега веќе на сите ни е јасно дека се наоѓаме пред вратите на распадот граѓанската војна и општиот хаос кој води кон катаклизма на целото општество. Досегашните напори на политичкиот врв во земјата, за изнаоѓање излез од ваквата состојба не се вродија со плод.  Во овие драматични моменти, можеби не е време да се бараат причините за создадената состојба, туку да се смогнат сили за да се најде излез од пад позицијата. Меѓутоа, сепак мислам дека е вредно некои работи да се спомнуваат, а за ништо друго, барем да не влегуваме повторно во замките во кој досега паднавме, а не извадивме поуки за да потоа полесно се санираат последиците. Според мое длабоко убедување причините за тешката состојба се многубројни и создадени од многу страни. Но сепак тие причини би можеле да се групираат во неколку точки. Како прво се дивергенциите околу политичките опции за идно уредување на односите помеѓу субјектите на досегашната југофедерација.

Второ, покупувањата за цврстите ставови за федератив ниот односно конфедеративниот концепт, а ова пак не овозможуваше услови за изнаоѓање политички договор и решенија за излез од кризата. Тврдото стоење зад сопствената вистина и права, покажа деке некој од републиките не се заинтересирани за изнаоѓање на решенија за излез од состојбата во која се наоѓаме, туку напротив. Попусто беа настојувањата на Македонија и Босна и Херцеговина за да владее разумот. Затоа дојде до тоа што дојде.

Трет елемент кој ни помалку не е безначаен е

тотално нарушување на политичката рамнотежа на земјата, која како добро ни е познато дојде како резултат на бришењето на автономијата на двете покраини која за вчудовидување сите 6 републики мирно ја следеја. Тоа пак доведе до еден своевиден анахронизам што Република Србија од една страна се претвори во унитарна држава, а од друга пак, се разбира, кога тоа му оди во прилог, таа истата се јавува како сложена држава. Унитарна држава со три гласа во Федерацијата. Ова го нема никаде во светот. Но ако им се спротивставивме на ваквите тенденции уште во почетокот, денеска немаше да ни биде резултатот од 4:4, нема да бевме без претседател и во ваква неуставна состојба.

Последните настани во Сојузното собрание и во Претседателството покажуваат дека кога се во прашање хегемонистичктие позиции на одделни републики, уставноправната регулатива, не е ништо друго на хартија без правна сила. Затоа во овој момент, не ни останува ништо друго, туку да се смогнуваат сили состојбата понатаму да не ескалира. Да се спречи најлошото. Затоа мислам дека треба да се дава поддршка на ставовите на членот на Претседателството на СФРЈ од СРМ и на сите други политички факти кои водат кон почитување на Уставот и кон нивно разрешување на кризата. Било какво вон уставно, вон институционално разрешување на состојбите е неприфатливо. Затоа го делам мислењето со сите кои сметаат дека изборот на Стипе Месиќ е веќе рес јудиката. Потоа мислам дека е потребно да се активираат сите системски можности за преиспитување на противуставното и нелигитимното суспендирање на легалните органи и претставници на Косово и да се покренува постапката за преиспитување на исправноста и легитимноста на изборот на српскиот марјионет од Косово Сејдо Бајрамовиќ. Републиката би требало да ги преземе сите мерки, атмосферата во меѓурепубличките односи да не се пренесува и внатре во Републикава. Сите органи во Републиката почнувајки од овој Парламент да не отстапуваат од настојувањата за мирно и демократско разрешување на политичката криза, но врз рамноправни основи на сите субјекти на Федерацијата и согласно уставно-правната регулатива.

Има и некој дополнувања во врска со ставовите. Мислам дека ставовите се слика на она што денеска се расправа овде, меѓутоа би бил за тоа да се надополнуваат со уште една точка која се разбира, ако се прифаќа и дошла како трета, која би гласела од прилика вака: Собранието на СРМ е против неуставното разрешување на легалните органи на САП Косово, затоа од компетентните органи на земјата бара да се преиспитува уставноста и легитимноста на разрешувањето на Риза Сапунџију и изборот на Сејро Бајрамовиќ.

Како образложение за ваквиот став, мислам дека нема никаква правна правна подлога и логика, претставникот од Косово да го избира Србија, или претставникот на Албанците да го избира Србија. Во спротивно, тоа ќе ни оди тоа на сите во штета, па и на Македонија и било која Република која ќе се најде пред единствена Србија со три гласа. А тоа значи надметнување на ставови кои решенија другите републики ќе ги стави во нерамноправна положба и пред свршен чин. Надвор од овие рамки не би се нашла и Македонија.
(Пауза).

(По паузата).
**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

За збор се јави пратеникот Љубисав Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, зарем некој пат не сте си поставиле прашање како тоа една држава која има толку талентиран народ и која во историјата која помина, а и сега даде така големи великани во науката како што е Никола Тесла, Михајло Пупин, Руѓер Бошковиќ, во културата, во книжевноста, уметноста, како тоа ние дадовме толку голем придонес во спортот, колективниот и поединичниот, зарем некој пат не си поставивте прашање како тоа една земја која има една Војводина која може да прехранува три југославии, една Македонија која што претставува еден вид Калифорнија, една земја која што има така убави планини, езера, едно извонредно море, една земја која што има огромно рудно богатство, енергетски суровини, се смета дека на пр. Космет има едни од најголемите резерви во светот, како тоа една земја да дојде во ваква тешка политичка и хаотична економска положба. Одговор може да биде само еден, а тоа е дека таму каде што доаѓа до израз индивидуата, човекот, па било да е тоа индивидуално дејствување, било да е тоа колективно но ослободени, каде што може до избор на личности, да дојде до израз способноста на еден човек, неговата целокупна креативност, енергија итн. таму имаме огромни успеси и таму каде што нема влијание поширокото општество, односно нема влијание политиката. Таму каде што политиката има свое огромно влијание, таму гледано во подолг период имавме големи неуспеси. Само да се вратиме назад и да ги погледнеме нашите многу бројни реформи, кои пропаднаа кога започнувавме со реформите на политичкиот систем. И оваа економска реформа која во почетокот даде спектакуларни резултати, дојде во прашање во моментов кога почнавме со длабоки корени и реформи во тој наш политички систем. Политичкиот систем бара промена и на луѓе, длабоките демократски односи, демократијата,

плурализмот овозможува силите кои се неспособни полека да исчезнуваат од таа политичка сцена и да доаѓаат способни, креативни и силни сили кои се способни една нација да ја водат напред во напредок, прогресија и сл.Во моментот кога тие сили се чувствуваа загрозени во земјата,јас зборувам за еден дел на таа земја, тие сили се организира и ги создадоа проблемите пред кои ние денес се наоѓаме. Ние зборуваме за една епизода за еден дел од тој наш целокупен колорит. Ние зборуваме сега за еден последен настан што се случува. Меѓутоа, ние зборуваме за една последица, а не зборуваме за причините кои довеле до една таква состојба.

Овој парламент повеќепати расправаше за политичко-безбедносната состојба во земјата и со право, затоа што таа станува се повеќе драматична. Меѓутоа, таа не може и не се разрешува на основите и принципите на кои ние настојуваме кога се повикуваме на разум, кога се повикувавме на логика, кога се обраќавме со апели итн.

Јас гледам единствен начин дека оваа целокупна состојба може да се надмине во земјата, а тоа е ние само да опстоиме на економските реформи во земјата. Иако тие се блокирани во земјата, иако тие не дејствуваат во сите правци подеднакво, не дејствуваат и во правецот на преструктуирањето на стопанството во техничко-технолошкото усовршување, имотните односи и тн. , сепак оваа Влада и оваа програма на реформа е брана и едно од средствата и начините за продолжување на политичките реформи во земјата на елиминирањето на силите и политичките сили во земјата кои се неспособни оваа земја да ја извлечат од кризна ситуација.

Јас отворено овде кажувам дека сите овие републики, тие, во Југославија, Словенија, Хрватска и Србија подеднакво сносат вина за тешките политички последици во земјата и се наоѓаат во длабока економска агонија. Тие ги доведоа тие републики и таа економија во таква состојба како раководители, како луѓе кои се наоѓаа на чело на тие републики. Тука рече Ханџиски два клуча преку кои сакаат да влезат во разни каси, јас би рекол и трети, а тоа е Топчидерската каса. Секој е исплашен и сака да ја продолжи својата агонија а не да најде краен спас, туку да ја продолжи таа агонија за година, две, три, па понатаму не размислува што ќе се случи. Еве, како што знаете со упадот во монетарниот систем, со печатење на пари, со огромна инфлација во која може таа хаварија ќе продолжи и тој живот. Ако тоа не се случи, сите тие влади мора да паднат. Ќе паднат затоа што социјалната структура ќе се дигне во тие републики. Тоа ќе биде хаотична состојба. Ке проработи Теразискиот парламент и во Загреб и во Љубљана, ќе проработи насекаде каде што нема да се оди во демократизација на тие одснои, каде што нема да се оди во развојот на еконосмската реформа.

Затоа, денес кога сме овде ние мораме да се спуштиме и на нашите прилики овде, за да не доживееме отприлика слични ситуации. Јас имав прилика внимателно да го слушам и претседателот на Владата професор Кљусев кој доста оптимистички и храбро ни најави некои излезни решенија. Ако е тоа така, ние со голем ентузијазам, со голема радост и задоволство тоа треба да го прифатиме. Во тој правец јас би имал неколку предлози.

Прво, ние да изградиме еден национален консензус, сите партии тука што се во Парламентот за едно време да се откажеме од наши пропаганди, идеи, имиџи итн, на прв план на ни биде планот на излегување на нашата Република од тешката економска состојба. Нашиот Парламент во тој поглед мора да одигра значајна улога. Голема е храброста на разни пратенички групи да бидат присутни во многу општини, во многу организации, да се запрат или спречат многу стечаи и пропаѓања на фирми каде има излезни решенија, да се изнајдат значајни форми тие организации други организации, други подобри субјекти во Републиката да се зафатат со нивно продуктивно ангажирање да се овозможи да се охрабрат други субјекти во Републиката да се зафатат со проблемот на стопанството, да не се продолжи со отпуштање на работниците, со предвремено пензионирање на работниците, затоа што ние од една страна на друга пресипуваме. Ако одиме со неконтролирано пензионирање ние ги зголемуваме пензиските фондови, мораме да зафаќаме во стопанството, стопанството не е во состојба да плаќа и тоа станува јалово и оние организации кои имаат некоја животна можност и тие ќе пропаднат. Нашите напори да ги насочиме кон решавање на битните економски прашања. Тешко е во оваа ситуација да очекуваме некоја додатна акумулација од странство. Сите овие визии за кои зборуваше и претседателот, кои можеби ќе се појават и во наредниот период тоа се подолгорочни процеси, ние мораме со наши сили, со наше знаење, со наша акумулација да направиме нешто што можеме да спасиме, што можеме да активираме што можеме да материјализираме, да создадеме доход.

Инаку, јас се согласувам со тоа што зборуваше и Тупурковски дека ние и во оваа ситуација во каква се наоѓа Југославија, со оглед на нашата положба во Југославија, сепак ние сме најмирно подрачје, кај нас сепак да завладее една поголема демократија отколку што е во другите републики,да бидеме на една линија на која е и светот и Европа, да направиме огромни напори на економско деблокирање на Македонија со поврзување со Европа, Америка итн.

Во однос на последната точка која е ставена во ставовите исто така сакам да се придружам кон оние дискусии ние сериозно треба, не тука што рекоа некои другари, ние имаме една опција и немаме друга. Опции има

многу. Една од опциите е и ова што живееме сега. И другите се пресудни. Ние треба да ги разиграме сите варијанти, да видиме по која варијанта како ќе се најдеме во девизна состојба во Македонија. Колку ние ќе имаме девизен дефицит, што ќе значи укинувањето на Фондот на Федерацијата за колку ќе се намалат инвестициите во Македонија, што ќе значи губењето на југословенскиот пазар, за колку ќе ни опадне производството во Македонија, дали е тоа 20%, 30%. Ние мораме да ги согледаме и да ги имаме тие материјали комплетно за да заземеме правилни ставови. Инаку ова вака кога предлагаме некое решение тоа не е врз база на егзактни докази туку врз база на лично размислување, инспирација итн. Ако имаме таква документација, ние ќе можеме да се изјаснуваме.

Во точката 3, покрај ова што ги поддржуваме мерките на Сојузниот извршен совет, јас мислам да кажеме и отворено дека стоиме на позициите на економската реформа и ја поддржуваме економската реформа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Морам да ви кажам дека имаме уште 11 најавени дискутанти кои се веќе запишани, а сега се јавуваат уште двајца други.

За збор се јави господинот Џеладин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитуван господе претседателе, почитувани пратеници, соочени сме со дилеми и проблеми, суштински и релевантни за нашата иднина, заедничка во оваа Македонија, Југославија. Денес расправаме за случај без преседант во функционирањето на највисокиот орган на земјата Претседателството на СФРЈ. Расправаме за последиците, а од порано ги знаеме причините и оваа денешна седница покажува дека имаме волја, желба и интерес југословенската разврска, разврската на целокупната криза, па и оваа на Претседателството да се реши со демократска постапка и на демократски начин, почитувајќи ги уставните норми, пред се, закони и однесувања. Сега излезе на видело кој повикува на раздор, кој создава омраза и кој повикува на лошо, кој бара дезинтеграција и сл. Евидентно е дека тоа е српското раководство или дел од српското раководство. Практично се потврди дека тие кои се залагаа за единство на Југославија се нејзини растурачи. Тоа што правеше претставникот на Србија во Претседателството на СФРЈ не е ништо друго туку разбивање на југословенската заедница, геноцид над уставните норми. Тоа се случува со неизборот и сите игри околу изборот на претседателот на Претседателството на СФРЈ и на неговиот потпретседател.

Во овој контекст сакам само да истакнам дека претседателот на Претседателството до сега Борисав Јовиќ неслучајно сакаше искри на жар да отфрли во Македонија со

неговата изјава дека "Албанците во Македонија се бројно население па им треба автономија која не им ја даваме". Ја знаеме сета негова позадина, што инсистираше со тоа и што сакаше да создава и каде да ја префрли својата политичка активност. Убедени сме сите па и светот дека предизвикувачот на југословенската криза е најголемата криза која правеше се да биде надмоќна, да доминира, да елиминира народи, закони и норми со цел да остварува други цели и задачи.

Суспендирањето на демократските односи и процеси значи манипулирање на националните чувства, националните права и со преговарачките процеси за политичката иднина на земјата. Сметам дека имаме сили за дополнителни ангажирања на сите прогресивни демократски сили за демократски расплет на присутната уставно-правна и политичка криза која бара пред се политички резон, а не доминација на чувства и емоции. Во сите овие демократски процеси битни се не само глобалната определба на Република Македонија и нејзиниот статус, туку и внатрешните односи во Македонија, кои колку се разрешени според демократските стандарди, толку можат да служат за пример за апликација и во други слични мешани средини. Ние сите се залагаме за афирмација на довербата, за рамноправност за цивилизациски определби, за отворање перспектива на сите без хегемонизам, без унитаризам која веќе се нуди.

Во целост ги прифаќам заложбите на Парламентот и заклучоците кој што се нудат, како и излагањето на д-р Васил Тупурковски во врска со ситуацијата која настана со изборот на претседателот на Претседателството и во тој контекст во ставот 5 предлагам зборовите "ќе се најде", да се заменат со зборовите "би се нашла". Бидејќи автоматски претпоставувам дека Македонија ќе се најде, тоа не се знае. За состојбите и последиците во кој би се нашла Републиката со сите можни, наместо "варијанти", да биде "опции и ситуации" во разрешувањето на југословенската криза според принципот ако се случи ова, ќе следи тоа и сл.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Келешов.

**КЕЛЕШОВ РИСТО:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, политичкото однесување на господин Јовиќ и наметнувањето на неговата политика во функција на неизбор на претставникот од Хрватска за претседател на Претседателството е крајно несериозно и анти-југословенско и нуди единствено соопштение за неговата политика на доминација и мајоризација, фларгантно кршеше на елементарна меѓурепубличка рамноправност, свесна блокада на основните елементи на функционирањето на СФРЈ, непочитување на уставност, а уште помалку на

демократскиот модел во процесот на разрешување на се понапнатата состојба во земјата. Манифестација на позицијата на гласачка сила во Претседателството, дури и по цена на суспензија на виталитетот на земјата. Неприфатливо е југословенството што го нуди ваквата политика.Инаку, давам полна поддршка на излагањето на д-р Тупурковски, вклучително понудените сугестии и ставови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Димитар Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Господин претседателе, почитувани колеги, Како прво ги поддржувам ставовите на парламентарните групи на политичките партии изнесени сега и би сакал да кажам дека со неизборот за претседател на Претседателството на Југославија се сруши еден од основните столбови на југословенската федерација. И тоа по пат на сценарио. Мислам дека за тоа сноси и огромна историска и политичка одговорност и самото Претседателство што не се снајде и не изнајде демократски начин да го разреши ова прашање. Загрижен сум што овие сценарија мислам дека и натаму ќе продолжат. Следна на удар е федералната Влада како легитимен претставник на Федерацијата, така што ќе нема легитимен претставник во земјата што би побарал евентуално меѓународно учество во разрешувањето на југословенската криза. Мислам натаму дека истото сценарио се спрема и врз Армијата. На кој начин? Средствата во Буџетот на Федерацијата за Армија не се уплатуваа од федералните единици и ова на долга стаза Армијата може да остане без средства за издржување или пак федералната влада доколку постои ќе ја побара печатницата во Топчидер на пари и влегуваме и натаму во инфлација. Истата судбина пак по сценарио можеби следува и на Сојузното собрание. Според тоа, за жал југословенската федерална држава исчезнува од политичката сцена по пат на сценарија. Наместо онака како што се договоривме преминот од еднопартизмот и општествената своина да се одвива на демократски начин во повеќепартизам, плурален своински систем, пазарна економија, плурална развојна алтернатива, но се на демократски начин. Ова се одвива по пат на сценарија. Секако дека народот е загрижен дали човековите индивидуи ќе се трансформираат во војници, дали носителите на политичките суверенитети на федералните единици ќе се трансофрмираат во војници, односно едно прашање кое виси во политичкиот простор е прашање на граѓанска војна, поготово заради сеуште присутниот Хрватско-Српски синдром, каде што беспрекорно функционира етничкиот крвоток. Исто така, прашање кое се поставува за нас дали е вовлечена Македонија. Мислам дека да со Сплитското сценарио. Сега се поставува прашање, која е најосмислената опција за Македонија во оваа ситуација. Мислам дека смислената е она што ние го имаме донесено

суверена македонска држава, меѓутоа, исто така, и барањето сите суверени држави на југословенскиот простор, меѓу себе да се признаат на мироЉубив начин, без сукоби. Тоа е, ако се постигне, голем дострел. Затоа што основа, прво, отвора 2 перспективи.

Едната е можност како суверени држави во нова статусна состојба да градиме повисоки цивилизациски односи на здружување на релацијата на Платформата која што ја изгради овој Парламент.

Второ, исто така како меѓусебно признати можеби и секоја сама по себе да бара признавање на меѓународен субјективитет. И тоа до колку се одвива без крвопролевање, секако дека не е лошо. Меѓутоа, на Македонија и е неопходна суверена држава за сега да има нова статусна состојба и рамноправна со другите суверени држави на југословенскиот простор и второ, да дојде во ситуација да може да го решава и сопствениот економски модел на плурални своински систем, заради тоа што мора да признаеме дека досега во текот на овие пет месеци во Македонија имаме само преструктуирање во политичката сфера, во стопанската свера и сите други сектори присутен е, живее и делува стариот самоуправен модел и систем. Тој не е трансофрмиран, не е сеуште чепнат и неможеме да бараме и некои подобри резултати. Имено, Македонија се наоѓа соочена со 2 прашања.

Прво, преструктуирањето на стопанството исфрла технолошки вишок на невработени.

Второ, Македонија нема социјална програма за збринување на технолошките вишоци односно нема материјална супстанца за покритие на таа програма. Поради состојбите во Федерацијата таа состојба уште повеќе се влошува.

Второ, нема исто така материјална супстанца за нов инцестиционен циклус да може да изврши апсорбција на невработените и да ги намали социјалните тензии. Меѓутоа, сето тоа пак упатува дека и натаму Републикава треба стрпливо да бара мирен начин за излез од кризната ситуација за да не дозволи и над Македонија да се надметне либанско сценарио и да дојдеме во потешка ситуација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, веројатно од премногу дијагнози за болниот ќе нема многу фајде. Во ваков политички и судбински миг битно е да се даде точна и единствена заедничка основа за состојбите во кој се наоѓа Македонија и од аспект на Македонија повеќе да се стави од сенката. Досегашните дискусии покажаа за среќа дека едногласни сме во суштина дека се бие битка за задржување на сублимацијата на една република на друга односно на еден народ над друг, наспроти концептот за

рамноправноста, еднаквоста, заедништвото сето тоа низ мир и демократија. Во таа насока треба да не се изгуби рамнотежата на дејствувањето т.е. да не подлегнеме на последиците од удар по малиот мозок, а за понатамошанта опстојност имаме и солидни, стамени, појдовни позиции искажани преку Платформата што ја донесовме за разговорите за идниот договор за заедништво и Декларацијата за сувереност. Затоа, и не само затоа треба да се даде безрезервна поддршка на ставовите и делувањата на членот на Претседателството д-р Васил Тупурковски, не само во овој миг, туку и во континуитет од порано за поддршка, а посебно сега на изборот односно на прогласувањето на господинот Стипе Месиќ за претседател и Бранко Костиќ за потпретседател на Претседателството на СФРЈ. Кога сме веќе тука очигледно кратко и јасно е дека се работи, иако сето тоа се става во замеглени фускули дека се работи само за легитимна обврска на сите членки да се постапува легитимно согласно Уставот и законот. Господин Месиќ како и сите други членови на Претседателството е легитимен претстаник на Хрватска и по претходно уставно апсолвиран договор настапува автоматизам во неговото преземање на позицијата претседател т.е. прв меѓу еднаквите. Секакво друго решение од аспект на Македонија веројатно и од аспект на другите народи во Југославија би создало ситуација без преседан во уставно-правниот договор и би довело во крајна линија до целосно безвластие и распагање на Југославија што во крајни консеквенци би имало несогледиви последици за сите граѓани во Југославија, а посебно за Македонија. Посебно, трагично комедијашки за Македонија од причини што ние пред се покрај економско дестабилизирани постои опасност целосно да ја изгубиме и националната слобода, самобитност и сувереност односно ќе се отворат простори и можности за целосна контрапродуктивност на исходиштата од аспект на историските интереси на македонскиот народ. Македонија може се, но нема и не треба да дозволи да изврши колективно самоубиство односно договор или некаква хикс или ипсилум опција на сметка на своите историски интереси. Повампирените ѕевгари на националниот шовинизам очигледно е дека го играат своето последно пирово оро со целокупна жестина. Очигледно е дефинитивно е јасно дека не туркаат надвор од демократските, реформските и мирните процеси, а како замена за тоа ни нудат пепел и крв и феудални состојби. Нивните намери на почвата на Македонија нема да вродат плод, сигурни сме од причини што Македонија има и премногу историски лекции за одредени поуки. Затоа е потребно ладнокрвно и стамено во овој момент да се проценат состојбите онака како што и се ценат и како што делува и единствено во овој Парламент да се поддржат предложените заклучоци, пред се заради нас и идните генерации кои доаѓаат по нас.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа, југословенската заедница, поконкретно сегашниот нејзин концепт се распаѓа. Пред се поради нарушената рамноправност меѓу народите односно републиките и нејзините покраини. По таа аналогија, која актуелно единствено и дијалектички можна и истата можност се наметнува и на Македонија, која може да се рече дека засега е донекаде помирна од другите единки, но во никој случај дека е мирна оаза, како што се изрази премиерот пред некој ден. Чија што пак идила ја нарушувале само одредени политички субјекти односно национални колективитети во случајот Албанскиот. Обратно, токму овие субјекти ја прават ситуацијата да биде помирна. За тоа, времето ќе докаже. Познати се причините за нарушените односи во нашата Република. Тука, пред се, само би ги спомнал како што е нерамноправноста во областа на образванието. А има и други свери во животот. Затоа, крајно време е сторените грешки на поранешниот монистички систем и Влада да се исправат и мирно да се договориме за заеднички но рамноправен живот. После ова, Македонија нема потреба да страхува. Дали ќе може да опстане сама. Македонија ќе може да опстане сама само заедно со сите кој во неа живеат. Таа е доволно голема. Крајно време е и легитимните претставници на Македонија во федерацијата да имаат попринципиелен став кон нездравото, како што во последниов случај што е со пензионираниот каплар Сејдо Бајрамовиќ, кој не е ништо друго освен слуга и марионета на главниот причинител на оваа криза, големиот Србин Слободан Милошевиќ кој сеуште сонува и само сонува да го воскрсне душановото царство од пред 9 и пол години.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани дами и господо, во врска со најновите потези на Сојузната власт, донесувањето на законот за регрутирање и мобилизација како и спречувањето на преземањето на функцијата претседател на Претседателството на СФРЈ, предлагам, Собранието на Република Македонија да ги донесе и следниве заклучоци:

Прво, Законот за регрутирање и мобилизација донесен од Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ се оценува како спротивен на декларацијата за суверенитетот на Република Македонија и согласно на таа декларација ги обврзува органите на власта во Република Македонија да не го спроведуваат. И се наложува на Македонската делегација во Сојузниот собор да ја повлече својата согласност дадена за донесувањето на овој закон. Со оглед на тоа дека таа не го консултирала ова Собрание и зазела став спротивен на декларацијата за суверенитетот на Република Македонија.

Второ, неприфакањето на претставникот на Република

Хрватска во претседателството на СФРЈ од страна на Република Србија и Република Црна Гора ова Собрание го смета за саботажа на уставната одредба за пренос на вршењето на функцијата на претседател на Претседателотвото на СФРЈ. За Република Македонија претседател на Претседателство на СФРЈ или на новиот сојуз на суверени држави Македонија, Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија и неевентуални други придружнички што ке се приклучат кон уставниот пренос на претседателската функција е претставникот на Република Хрватска Стипе Месиќ.

Трето, ценејќи дека со спомнатите акти се загрозува суверенитетот на Република Македонија, дека Македонската држава се става во положба на колонија ова Собрание апелира до обединетите нации, европскиот совет, до големите сили и до целата светска јавност да не дозволат посегање по интегритетот и суверенитетот на Република Македонија од страна на внатрешни и надворешни сили со примена на против уставни методи за разрешување на југословенскаа криза. Заради мирно и демократско уредување на односите помеѓу актуелните членки на СФРЈ достојно на цивилизациското ниво на овој миг Собрниeто на Република Македонија предлага да се свика меѓународна кенференција со учество на спомнатите меѓународни субјекти.

Четврто, ова Собрание се противи на нови регрутирања и мобилизации. Веќе мобилизираните резервисти бара веднаш да се демобилизираат, додека војниците надвор од Македонија бара да се вратат во Македонија за што во новонастанатата ситуација нивното служење надвор од Република Македонија станува бесмислено односно директно спротивно на интересите на Македонија.

Петто, поради допуштањето Република Македонија да престане да биде субјект на својата одбрана и да се стави во перспектива на окупација македонското Собрание да ја преиспита довербата кон командантот кон територијална одбрана на Република Македонија Стојан Аспровски и министерот за Народна одбрна Ристо Дамјановски.

По мое длабоко уверување без дебела поддршка од армискиот врв господин Милошевиќ не ќе можеше да го прави она што денеска го прави. Би сакал да апелирам до сите нас овде да внимаваме да не обвинуваме цели народи и да создаваме страв кај Србите кои што живеат во Македонија зошто луѓето воопшто не се виновни за однесувањето на претседателот на Република Србија господин Милошевиќ.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани драги пратеници, дозволете ми едно кратко почитување. Во Македонија бевме веќе навикнале да чекаме што ке направи Федерацијата, па да го следиме посочениот пат, а некои посамостојни акции

на одделни републики беа критикувани како дејности кои отстапуваат од одлуките донесени горе, како што се и многу еднострано и одбојно гледаше на оние Републики кои ги бранеа своите интереси и кои се бореа за свои автентични ставови, во едно трајно настојување да покажат дека интересите на сите мора да се почитуваат и дека без тоа нема рамноправност на народите и републиките.

Да си спомниме дека уште пред демократските избори првите самостојни истапувања на личности од Македонија кои покажаа дека Македонија може да изградува сопствени ставови, да опстојува на нив и да не се плаши од силни притисоци кои веднаш се појавија за да ја задужат една таква ориентација на оваа почва, туку што пројавената свест за самостојна проценка на настаните и самостојно дејствување на југословенската и македонска сцена.

Во време на демократските избори и веднаш по нив иако без некои поголеми демократски традиции и ако во демокртско престројување и организирање на демократската власт закаснивме, овој Парламент имаше и моќ и сознанија да усвои една потрајна стратегија содржана во Декларацијата за суверена Македонија и платформата за преговорите и постојано тие ставови ги ажурира како што покажа и денешното заседание, со овие ставови кои се предложени и кои треба да ги усвоиме.

Ние знаеме што сакаме во преговорите. Тргаме од принципиелни позиции, сакаме да се сочува југословенската заедница, но ако се обезбеди во неа сувереноста на Македонската држава, ако таа заедница биде демократска по европски мерила иако во неа бидат извршени длабоки општествени и економски реформи. Под такви услови сакаме да учествуваме и во градењето на нов Балкан во кој ќе поведат тие процеси,такви процеси и стремежи и спремни сме на полна соработка и ангажман кои би ги скараните и спротивставени народи на Балканот свртил консоработка кон економско и културно поврзување и кон трајно меѓусебно национално почитување и меѓусебно признавање.

Не се занимаваме со било какви шпекулации и договарања зад грб, цврстувања за сметка на некого, бидејќи врз таква основа не може да се обезбеди сожителство, пријателство и заедничка иднина на рамноправни народи. Некои од тие народи во такви спогодби мора да страдаат.

Во југословенските преговори постојано дејствуваме да се одржи и почитува дијалогот, мирното разрешување на очевидно натрупаните спотивности во меѓунационалните односи, тешкотиите од распадот на еден преживеан и општествен систем, од потоа на се она што е напластено по повод на големата економска криза и тешко загрозената егзистенција на луѓето. Не заборавме и не смееме да заборавиме дека покрај задачите да го довршиме процесот на Македонската државност. Не чекаат и голем број прашања

сврзани со економските тешкотии, со заостанениот развој, а без него нема перспектива, нема вработување и нема нова иднина на младата генерација. Ако ние така здушно сме спремни да направиме се што е можно да се дојде до договор за мирното разрешување на југословенската криза, тоа го чиниме заради мирот  и спокојството на нашиот народ и поради сознанието оти времето тече и луѓето не можат да чекаат да почнат да се решаваат егзистенцијалните прашања што се вовлекле со сета вознемиреност во атмосферата и загриженоста и стравот пред иднината во секое македонско семејство и сите други семејства.

Ние и сега на југословенски план ке продолжиме со сопствени иницијативи да се излезе од ќор сокакот на уставната криза. Денеска чувте кои се напори се направени, какви биле нашите однесувања на тие седници. Тоа така ке продолжи бидејќи неможеме да дозволиме да се поремети основниот принцип врз кој може да биде заснована една многу национална  заедница, а тоа е рамноправноста на народите и републиките-држави. Бевме значаен фактор во тие разговори особено да не се дозволи нарушувањето на веќе спомнатата национална рамноправност, да не се вратиме на времето на доминација по сила на влијанието на одделни личности на економска или на политичка моќ на доминација. Тоа ние го чиниме заради себе и заради својата татковина,но и заради новата југословенска заедница која може да настане само ако биде ослободена од такви амбиции кои владееа досега во неа и се разбира заради општиот мир во Југославија, Балканот и нашата заедничка европска иднина.

Со донесувањето на финансиските  закони се заштитивме да не се одлеваат веќе средства од Македонија. Понекогаш заборавaме на тоа денеска ако функционира македонската држава и сите служби во неа тоа не би било возможно да не ги донесовме тие закони. Средствата, приходите што се создаваат во Македонија остануваат тука. Погледнете ги информациите од општественото книговодство и ќе се уверите во кој степен за разлика од пред некој месец сме господари на приходите остварени во Македонија. Сето ова придонесе да можеме денес да констатираме следново:

Прво, Македонија е во политичките преговори рамноправен чинител и ништо неможе без наше учество да се одлучи и против нашата волја ако се раобти за интересите на нашата Република и нашиот народ.

Второ, Вие тие преговори не сме пасивни чинители кои се изјаснуваат за туѓите предлози, туку имаме свои предлози кои без оглед колку се заобиколуваат од време навреме ке мораат да дојдат на маса. Еден од последните такви потези е заедничкиот предлог Платформата за уредување на идна Југославија во четирите области на

нашата Република и на Република Босна и Херцеговина како заеднички предлог.

Трето, недозволивме да се руши Сојузната влада по преговорите на двете најголеми републики што требаше да биде вовед во едно сосема друго преструјување на југословенската структура на власта.

Четврто, недозволивме да се наруши рамноправноста на Хрватска, на една Република, сметајќи дека се работи за сите нас, а не само за Хрватска. Тргнувајки од тоа дека принципот на рамноправност меѓу народите и републиките нема цена и на тоа не може да се прават компромиси, ако попуштевме би се создал преседант, а тој преседант би не загрозил сите, а пред се нас поради наша тешка историја и се што знаеме што се случувало и манипулирало со Македонија.

А потоа и последното,таков предлог ако би бил прифатен тој би овозможил за Македонските кадрови за оние кои ке ја преставуваат Македонија да можат да одлучуваат и арбитрираат други и да вршат одбир на оние кои се прифатливи за нив, а кои не се прифатливи. Примерот со Стипе Месиќ е еклатантен. Ние не спориме да треба да биде од Хрватска, кога веќе тоа не може да се спори бидејќи уставот е до крај јасен во тој поглед, но нека дојде друг човек. Стипе Месиќ ништо друго не работи туку ги застапува ставовите на неговата Република. Ако тој не е прифатлив тоа индиректно значи дека не се прифатливи сите оние ставови кои таа република ќе ги зазема. Тој нема рамноправност. Тоа може утре да се случи и со сите наши кадри кои ја преставуваат Македонија било каде, а потоа во Одборот можат да дојдат и идеолошки проценки на одделни личности и тоа би не водело во познат начин како се ценеле кадрите од Македонија, за кого се прифатливи, зашто не се прифатливи, кои конотации идеолошки и други им се ставаат на душа за да се исклучат од активен политички живот. Тоа би не расточило и дезинтегрирало.

Но, има и друга опасност на која и Тупурковски укажа крајната опасност е да се смени курсот, а со смената на курсот да го загубиме меѓународниот кредибилитет, цела Југославија не само одделни републики да се третираат како болшевички и да по тој начин всушност загубиме било каква можност на меѓународна, економска, политичка и било која друга поддршка.

За Македонија со демократските процеси кои се извршија во неа и со се тоа што е досега сторено и со оглед на нејзината улога на југословенската сцена меѓународната јавност има претстава да се работи за една од три или четири републики во кои доминираат демократските процеси и ние таа слика не смееме ни по која цена да ја доведеме во прашање. Со еден збор, Македонија се избори да биде самосвојна , да биде активен чинител, она го измени односот на снагите кој потоеше во

Југославија и со тоа се создаде свое место кое се почитува и има определен престиж. Ние не паднавме во искушение да ја повториме косовската грешка во Македонија. За сите нас е задоволство и гордост што во македонскиот Парламент седат една покрај други различни партии, што седат Македонци и Албанци, претставител на еден племенит и запоставен народ - Ромите, а треба да седат и преставници и на Турците, а јас се надевам изборен круг и тоа треба да се случи и други народности.

Ставот дека Македонија е татковина на сите што живеат во неа е клучната определба за заедничкиот живот. Помеѓу себе имаме отворени чувствителни прашања, имаме недоразбирања, понекогаш сме брзи на зборот а не ја мериме ни тежината заради осетливоста на едните и другите и на зборот и на некои одлуки кои ги донесувавме, но штом сме заедно ке го смириме изборот и гласот. Ке разговараме со аргументи, камо среќа со повеќе разбирања да се завршеше пописот на населението, да можевме сега да објавиме комплетни резултати од тој попис. Тоа е од огромно значење за нашиот заеднички живот, за нашиот економски развој, за нашата култура, за нашата иднина. Исто така, да се симнеше, би бил среќен да се симнеше до дневниот ред прашањето на јазикот во школските дневници, заради кои настанаа толку големи недоразбирање и судири и да се договориме за локална самоуправа што не чека.

Кога говориме за силни опасности околу нас да не заборавиме со меѓунационалниот мир и неразбирање топ не не разбива. Никаква сила и репресија од надвор не може да не загрози ако внатре во Македонија создадеме услови за заеднички живот и разбирање.
(аплауз)

Денес пак нашиот Парламент остана свој на своето. Ке донесе разумни заклучоци, пак ќе се чуе нашиот глас и ќе биде прилог во сочувувањето на мирот да се најде снага за натамошен дијалог и за неопходни компромиси. Не, се разбира, компромиси за уставната криза туку за другите неуралгични прашања во едно демократско општество и така мора да се постапува. Со тоа ќе расте и нашата само-свест, чувство за одговорност и нашата мобилност и легитимни барања во исто време од сите нас, од целиот Парламент, нашата Влада да ги собере околу себе сите наши не мали потенцијали за да што побрзо ги донесеме и новиот устав и нужните закони и одлуките кој ќе создадат нов политички и економски амбиент во Макеоднија.

Ако ја следиме понатаму нашата зацртана стратегија и бидеме ефикасни во нејзината реализација никој не треба да се сомнева во успех. Ова не ви го говорам да ве успокојам. Во овие тревожни времина не е потребно никакво лажно спокојство туку чувствувајќи одговорност да ве охрабрам и поттикнам на слога, на консензус за оние прашања без кои ќе ја нема Македонија, да ве поттикнам

на активност и работа, многу работа ни треба и снажна и ангажман на сите против сеење на неверица, против чувство дека не сме во состојба да одговориме на очекувањата на нашиот народ.
(аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да ве запознам дека за збор се јавија уште господин Неџати, Садику, Јовчевски, Јакимовски, Стојановски, Зибагов, Превала и гос-подин Абди.

Дали ќе продолжиме така.....

(реагирање)

Ако се откажувате сите, молам да поминеме на заклучување (можеме)

Овде имаме основен текст на ставовите. Тој е предлог на текст на ставови. Покрај тоа имаме повеке предлози усмено издиктирани и изречени. Предлага се што ке донесеме да бидат ставови. Дали овој текст, или друг во тој ист состав да влезе. Да не носиме различни документи во кој ке се изгубиме.

Дали може така?

(Може)

Ако може така тогаш ви укажувам дека покрај текстот на ставовите пишан предлог имаме и од пратеникот Тодор Петров.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Текстот што го имаме добиено јазично не е доследен, бидејќи тука стои дека Собранието донесе ставови. Тоа е неодржливо. Собранието може да заземе ставови. Потоа претседателот на Собранието предложи тоа да биде ставови и едноставно почна да ја разработува темата без поголема согласност или без гласање. Да ни каже претседателот на Собранието зошто не би биле заклучоци?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ставовите не ги предлага претседателот ниту јас сум им дал наслов ставови. Групата што ги подготвуваше гледајки по Деловникот така ни ги предложија. Не предложив ставови јас, така е предлогот даден.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Очигледно станува збор за недоразбирање. Работната група почитувајки го индивидуалното мислење на пратениците не сакаше однапред пред да биде расправата во тек да донесе заклучоци, или било какви ставови. Затоа се согласивме да предложиме ставови, а по расправата имајќи ги во предвид сите мислења изнесени во Парламентот да се донесат заклучоци на Собранието.

Во таа смисла предлага повторно една работна група да се формира од пратениците и сите овие дискусии што беа на Собранието да се предложат во вид на заклучоци и тука заеднички да ги усвоиме.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Документот беше предлог заклучоци. На инсистирање на

пратеникот Доста Димовска се претворија во ставови, така да навистина не ми е јасно што е ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, ако може вака. Еве кое е моето укажување. Ако ние сега дадеме пауза да се прави нов текст ке има нова расправа.

(не расправа)

Неможе без расправа.Незнаеме каков ке биде текстот. Независи од мене дали ке има или ке нема разсправа, Групата што ке направи нов текст незнаеме дека ке предизвика нова расправа. Можеме и да дадеме пауза...

(не пауза)

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Бидејќи и јас бев вклучена во изработката на овие ставови, многу неблагодарна работа е формулација на ставови или заклучоци пред дискусија и затоа излезе таква ситуација што ставовите, расположението и духот што преовладуваше во салата го нема во заклучоците.Тоа е вистина.Беше инсистирано на ставови за да не се преаудицира нешто, сметајки дека може и ова да се случи, па да не бидат дефинитивни заклучоци, туку само некој предлог на ставови.

Јас го поддржувам тој предлог заради тоа што финалниот текст не го ни добивме ние членовите на групата.Така се случи што не се некој наши предлози, На пример два пати стои "не избор на претседател" и во преамбулата и во точката 1. Ние особено сакавме да потенцираме како што господинот Петров многу јасно и децидно потенцирал со ставот"за Собранието на СРМ Стјепан Месиќ е легитимен претседател и Бранко Костиќ е легитимен потретседател во претседтелството на АФРЈ". Ние тоа го баравме,а во текстот тоа не е така.Мислам дека е добро овој предлог да го прифатиме, уште еднаш една група да се состане бидејќи ова не се работи кои што се од голема важност и уште малку време можеме да посветиме на тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали да формираме нова група која треба да направи нов текст.

Молам кој е за предлогот да формираме работна група да направи нов текст, или пак старата група да направи нов текст.

Молам кој е за да крене рака ? (34 пратеника)

Молам кој е против овој предлог повторно да правиме нов текст (59 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање ? (3)

Според гласањето сега ке го имаме овој текст како основа. Да видиме каков е односот према него. Тоа значи не правиме нов текст, но да видиме каков ни е односот. Пишан предлог на амандмани имаме само од пратеникот Петров. Сите други предлози можат да бидат како основа за изработка на некој нов текст. Друга работа е за тоа што

се овде е кажано.

Тоа ке се достави до Владата и Владата во рамките на своите надлежности по сето тоа треба да постапи и да ги проучи, да преземе мерки, да предложи мерки итн.

Дали може така да се договориме?

(може)

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Јас мислев да предложам да се дополни точката 5 од ставововите и заклучоците бидејки таму говори за можни варијанти на разрешување на југословенската криза и од тој аспект некој решенија што треба да ги даде Владата. Јас мислам дека за прв пат треба да пристапиме во еден документ да кажеме дека Македонија има само две решенија. Едното е што претседателот Глигоров го предлага- Заедница на суверени народи и второто е независна македонска држава. Мислам дека за прв пат треба во еден таков документ да стои дека второто решение е независна македонска држава. Во таа смисла треба да биде дополнета точката 5 од ставовите, а задачата на Владата ке се состои во тој мегупростор, дали ке се оствари првото или второто решение, обврска за иврштување и како ние да бидеме подготвени било кое решение да настапи.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Текстот на предлогот на заклучоците знаеме дека работната група требаше во краток временски рок да ги подготви во вид на една предлог основа а после дискусијата треба да се види дали тие предлог заклучоци како претходен текст ја одразуваат дискусијата или не ја одразуваат. Дали тие заклучоци дали ке бидат подобрени или не. Јас разбирам дека расправаме долго време и дека сме нестрпливи како и дека повторното состанување на работната група ке одземе време, но лично мислам дека тие заклучоци не се најдоволно јасни и убедливи. Не се погрешни, не отстапуваат од нашата генерална линија, мегутоа мислам дека можат да бидат напишани и соопштени и појасно и поударно, и некој акценти од дискусијата да бидат вградени во тие заклучоци.

Јас предлагам сепак работната група да се состане, да има предвид и делови од текстот што го предложи пратеникот Тодор Петров, а во тој текст лично мислам дека има неколку ставови што воопшто не пречат, напротив ќе го подобрат текстот на предлогот на заклучоците од оваа седница. За тоа не треба да изгубиме многу време и работната група може брзо да се усогласи на линијата на сето ова што беше договорено и од претседателот и од Тупурковски и од дискусијата. Македонскиот Парламент секогаш треба да донесува што поквалитетни заклучоци.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Не би требало да отстапуваат партиите кои дадоа по два члена во работната група за предлагање на овие

ставови. Тука седат сите членови на Владата. Ние ја слушавме целата дискусија. Ова се само мотивирачки идеи во ставовите. Ние кога ке ги преточиме во реални документи и ви ги доставиме тука тоа е суштината. Според тоа ние го разбравме духот на сите ваши напори и ние знаеме и нема потреба да ни укажувате. Нема да правиме стотина варијанти и сценарија. Ние правивме само две. А тоа е или сојуз на суверени држави на Југославија, или самостојна суверена Македонска држава.
(аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас морам да кажам дека треба да напредуваме побрзо и за нешто што сме гласале треба да го почитуваме затоа што тука се гласаше за тоа.

Ако е основа овој текст молам овозможете да работиме. Тоа е потребна.

Во точката 1 од ставовите да се додаде нов ,став 3 кој гласи: "За Собранието на СРМ Стјепан Месиќ е легитимен претседател, а Бранко Костиќ легитимен потпретседател на претседателството на СФРЈ почнувајки од 15 мај 1991 година". Ние и имаме став по ова прашање и сакам нешто да разјасниме.

Ние не заговараме друг да биде претседател на претседателството и не е тоа проблем што ние признаваме. Проблемот е во тоа што господин Месиќ и Бранко Костиќ не можат да си ја вршат работата. Тие неможат да функционираат како претседател и потретседател на претседателството Затоа е многу поважно ова што го велиме во вториот став. Ние инсистираме да се прогласат они за тоа што се отколку да кажеме што се за нас.

Затоа размислете дали со тоа не го слабееме нашиот став. Јас би сакал по овие прашања да го прашаме малку и господин Тупурковски кој најнепосредно таму живее и работи и ги осеќа тие работи. Ако не смета јас се согласувам тоа да го впишеме. Ние мораме да бидеме начисто зошто се состануваме овде.

**ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:**

Му благодарам на претседателот за оваа доверба. Не ми е згодна оваа улога. Можеби најдобро е во Деловникот да има одредба, не знам какви се одредбите, независниот пратеник Тодор Петров да може да учествува во овие консултации. Тоа би било многу подобро отколку сега да ги коментираме предлозите што евентуално ќе беа лесно прифатливи или би биле некоја основа за инкорпорирање во ставовите на работната група.

По мое сваќање посоодветен е текстот на член 1 како што е предложен во ставовите иницијални затоа што се бара да се воспостави уставната состојба, за разлика од предлогот од почитуваниот Тодор Петров каде што се воспоставува една состојба што фактички не егзистира.Ние да ви кажам искрено се носевме со идеа тоа вчера да го

сториме, да ја прогласиме таа состојба. Мораме да бидеме сериозни и да дојдеме до воспоставување на уставната положба на Претседателството за да може да си ги врши оние функции кои ќе отстранат некои стравувања тука и оправдани резерви дури и спрема злоупотребата и на армијата, прогласување на вонредни мерки на нелегален начин итн. Меѓутоа, ние зборуваме за фактички воспоставена уставна состојба, а не за тоа што ни се чини ќе го постигнеме со декларирање на една политичка желба. Во таа смисла мене ми се чини е поприфатливо ова што го пишува во ставовите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние мораме да оценуваме каков е вистинскиот ефект на тоа што го донесуваме, а не колку ги одразува нашите желби. Ние мораме да одиме нешто да постигнеме со тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овде се поставува прашањето дали да се прогласи или да се смета. За жал овде пред нас немаме само Деловникот на Претседателството. Меѓутоа, уставната одредба на член 327, ставот 1 не е спорен досега како е. Остана став 2 од овој член каде стои дека Претседателството ги прогласува и објавува, употребува два термина. Овде најверојатно раководејќи се Српското раководство од тоа дека има една деловничка и уставна заврзлама, ќе успее легалниот начин на избор затоа што, ќе прочитам "Претседателството на СФРЈ избира претседател и потпретседател од редот на своите членови за период од една година по редоследот утврден со Деловникот за работа на Претседателството на СФРЈ". Значи готово е. Овде за избор е врзано. Меѓутоа, остана сега само членот на прогласување. Според тоа дојде да се оспорува прогласувањето и објавувањето. Затоа реков овде се манипулира со два термина, што на обичниот граѓанин кој не се занимава со право овие два термина му се скоро еднакви, меѓутоа за жал не се еднакви. Се дава една законска можност на исто тело што во парламентарните држави па и во нашиот за прогласувањето е дадена на колективниот орган. Овде ова право му е дадено баш само на тоа тело и сега затоа е нејасно.

Истапувањето на Борисав Јовиќ дека ќе треба, Ве молам тоа е многу битно за односот што го предлага господин Петров и од овие наши ставови.

Сакам да го појаснам ова ѕа да знаеме што е битно за оваа работа.

Кога рече дека ќе бараме толкување од Сојузниот собор, Сојузниот собор односно на заедничка седница ќе може да даде толкување за уставната одредба. Меѓутоа,сметал ли тој дека на Деловникот ќе треба да даде толкување самото претседателство. Деловникот го донесува Претседателството и сега оди на тоа дека треба Собранието да му го толкува Деловникот на Претседателството, а тоа е толку јасно и повеќе нема што, само да се постапи и

практично овде да се констатира објавувањето. Објавувањето значи констатација дека Републиката која е на ред одредила и избрала свој член кој ќе биде само именуван од Претседателството. Тоа е. Овде ако сакаме да сстанеме доследни на предлогот од кој ден, не се согласувам да гласаме за денот што го предлага господин Петров, од која причина? Затоа што Костиќ е избран на 16-ти, па како ние ќе му дадеме можност да биде потпретседател од 15-ти, еден ден пред да биде избран.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас би предложил компромис со тоа Предлогот на Петров да биде под број 1 трет став. Со тоа прво се дава можност самото Претседателство да го прогласи како претседател Стипе Месиќ. Меѓутоа, за Република Македонија Стипе Месиќ е легален претседател на Претседателството. Со тоа не се согласувам со толкувањето на д-р Тупурковски, бидејќи исто така имаме веќе прогласено, незнаеме од овластен, неовластен и од кој извор координатор.Прекутно тој веќе е шеф од делот на Претседателството. Со додавањето на третиот став дека за Собранието на Македонија е легитимен шеф на државата Стипе Месиќ, ние со тоа даваме одредени резерви, моментално во оваа правна празнина или уставна криза што ја викате никој да не се јави како врховен командант на вооружените сили, па да манипулира со вооена состојба, или мобилна состојба по републики и покраини. Со тоа што овие три става, вториот став дава можност да се прогласи а до колку не дојде до прогласување за нас легитимен претседател е Стипе Месиќ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да му веруваме на господин Тупурковски за ова што го кажа овде. Нема смисла сега после неговото зборување дека нема координатор, повторно да зборуваме за тоа. Нема такви опасности рече тој, нема ниту деловничка ниту уставна можност за тоа, ниту е тоа договорено. Така координатор нема.

Многу ќе биде чудно за тие што ќе ги читаат ставовите, ако ние прво заговараме да се прогласи и објави, а после велиме дека имаме претседател. Тоа е една противречност на текстот.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Токму ставот 2 на точка 1 е многу проблематичен и најблагоречено оваа формулација која што ни е понудена од работната група е оперетна односно смешна. Таа гласи вака: "Собранието на СРМ бара Претседателството на СФРЈ да го прогласи и објави изборот на Степан Месиќ за претседател и Бранко Костиќ за потпретседател на Претседателството на СФРЈ. Е, тоа божем Претседателството на СФРЈ со нетрпение го очекува барањето од ова Собрание па да ја изврши таа работа. Многу ми е подостоинствен предлогот на господинот Петров и постабилен, затоа што

ова што го нудиме како став, уште не ми е јасно дали ќе усвојуваме ставови или заклучоци. Ваквата формулација не прави смешни бидејќи резултатот од неа ќе биде циничен потсмев и презир што е директен атак на нашето достоинство.

Јас сум сепак за тоа како втор став на првата точка да биде предлогот на Тодор Петров, за нас легитимен и уставен претседател на Претседателството на СФРЈ да биде Степан Месиќ.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Мислам дека е смешно за некој што не се упатени во одредени правни работи да се мешаат жаби и баби во однос на прогласување и во однос на објавување на одредени членови, бидејќи членот е многу јасен. Позицијата која зборуваше, која ја предложивме, јас сум еден од тие и тука е координаторот кој рече дека е правна формулација која е директно преземена од Уставот. Учествував во таа координациона група и од претходните искуства кој бевме во Сојузното собрание.

Точно е тоа дека членот 327 е во однос на изборот и на Деловникот, а основното е прогласувањето и објавувањето. Тоа е основно што треба да се направи. Таа позиција е многу појака што ние ја бараме, да се прогласи. Фактичката состојба е таа, а другото што е тоа што нашето Собрание го предлага, тоа е послабо. Ние го признавме, нашиот легитимен претставник, членот на нашето Претседателство д-р Тупурковски го даде својот глас и го призна од името на сите граѓани на Македонија. Затоа битен е нашиот апел да ја надминеме оваа криза, да го прогласиме. Без прогласување и објавување не може да биде легитимен и да работи. Тоа е искуството, вие треба да бидете свесни во однос на прогласувањето кога се водеше битката на две-три седници во Сојузното собрание. Постапката деловничка во однос на прогласување на членовите на Претседателството е сосема поинаква зборуваше овде некој. Членовите на Претседателството од републиките се избираат од републиките, но се прогласуваат на заедничка седница на двата собора. Додека не се прогласат и не се објават односно додека член не даде заклетва не може да биде член на Претседателство. Нашата позиција овде е многу битна за надминување на кризата. Затоа сметам дека нашето Собрание треба да апелира, покрај сите напори што ги направи членот на Претседателството, тоа е инаку ние сите и цела Македонија Стипе Месиќ како легитимен претставник го признаваме.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За да не се стави на гласање поднесениот амандман на точка 1, за да некој не извлекува политички заклучоци дека ова Собрание не ја признава легитимноста на Месиќ и на Костиќ, односно потпретседател на Претседателството, го прифаќам образложението на членот на Претседателството

и го повлекувам овој амандман. (гестот на" Петров е поздравен со аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вториот амандман во точка 3 од Предлог-ставовите во третиот ред после зборовите: "Сојузниот извршен совет" се додаваат и зборовите "Сојузното Собрание", а во четвртиот ред зборот "остварува" се заменува со зборот"остваруваат".

Предлагам да го прифатиме овој предлог.

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржани? (Нема).

Во точка 5 има еден подолг текст како нов став. Вели: "Се задолжува Владата на Собранието на СРМ веднаш да му ги понуди сите акти и мерки и активности кои треба да се преземат и донесат заради економско осамостојување на Македонската држава обезбедување на нејзината сувереност самостојност и независност и меѓународна позиција и надворешната политика во идниот сојуз на суверени држави или евентуално раздружување и издвојување од Југославија".

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Таква обврска имаме од претседателот на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На таа обврска Владата работи и нема потреба повторно овде да заклучуваме.

Дали господин Петров инсиситира да се гласа?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ако Владата ја прифака обврската нема потреба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата има налог дадено од претседателот на Републиката.

Одиме понатаму.

Имаме овде повеќе нови делови од текстот.

Прво не е кажано каде тоа треба да се додаде.

Прво, Собранието на СРМ го осудува секое насилство во земјата и Републиката заради постигнување на политички цели и употребата на ЈНА во решавањето на внатрешните меѓупартиски и меѓунационални судири во републиките и меѓурепубличките судири.

Второ, Собранието на СРМ повторно ја нагласува својата определба дека ЈНА како активен дел на вооружените сили во Југославија треба да ја штити и брани само независноста, интегритетот и територијалната целокупност на земјата од надворешната агресија.

Молам, ако е во Уставот така, да напишеме, да ја извршува својата уставна улога, затоа што нешто изгледа дека е во Уставот, а може и да не е во Уставот. Вели "и има елементи на содржина кои ќе бидат предмет на расправа откако ќе мине оваа сегашна криза на претседателството на првата седница на Претседателството".

Ние овде кога ги усвојувавме заклучоците бевме

информирани дека претседателството на првата наредна седница ќе разговара за вакви прашања. Тука е исто и втората точка, а за третата точка заклучивме. Затоа предлагам ова што се однесува за точката еден и два, членот на Претседателството на СФРЈ од Македонија.

Точките 1 и 2 членот на Претседателството на СФРј од Македонија да го има во вид во неговото учество понатаму во расправата на Претседателството, каде што тоа таму ќе биде разгледувано, дали господин Петров го прифаќа тоа така?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас мислам дека треба да остане како обврска на Парламентот да има еден таков став.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Таму ќе се расправа сега. Нема да се расправа во Парламентот ова, туку ќе се расправа во Претседателството, а ние усвоивме такви заклучоци во кои тоа го поддржавме минатиот пат.

Дали се согласувате сега? (Се согласува).

Точката 3 , не информира претседателот на Владата дека тоа без заклучоци го обработуваат. Дали сега нивната иницијатива треба да ја фиксираме на оваа седница или нека продолжат таму до каде што дошле? Тие не ифнормираа дека работат.

Значи, и тоа го повлекувате.

Одиме на точката 4.

За оваа точка 4 имаме многу јасен став во нашите заклучоци дека е непроменливост на внатрешните граници. Зошто да дискутираме за нешто што сме го вградиле во Платформата како став. Зошто сега, како да имаме некое сомневање во тој наш став, повторно да се изјаснуваме? Ние, во сите наши ставови во кои сме се уцврстиле не смееме да отвораме расправа. Не смееме да ги доведуваме во прашање со тоа што секој ден сме подготвени да отвориме расправа по нив. Ние имаме став за непромеливост на внатрешните граници.

Дали господин Петров го повлекува ова? (Го повлекува)

Точката 5 "Владата на Македонија се задолжува целосно и редовно да го информира Собранието на СРМ за актуелната политичка безбедносна состојба во Републиката и земјата".

Ние имаме такви заклучоци. Тоа е точката 13 од заклучоците што ги донесовме на минатата седница. Тоа е исто така и уставна обврска.

Дали треба да се изјаснуваме по ова? (не).

Точката 6 "Владата на Македонија се задолжува да преземе мерки со кои ќе се обезбеди итна демобилизација на резервниот состав на Републиката со укажување редовните вежби на резервниот состав да се изведуваат на терените на СРМ."

Нека објаснат од Владата што можат да направат овде и кои задачи можеме и има смисла да им ги дадеме. Да не им дадеме задачи кои навистина не можат да ги остварат.

**РИСТО ДАМЈАНОВСКИ:**

Армијата презеде зголемена борбена готовност. Во врска со тие активности изврши дел на делумна мобилизација на просторот на Југославија, одговарам на прашањето на пратеникот Џаферовски.

Мобилизацијата, колку сум јас информиран е спроведена на целиот простор на Југославија, во сите воени области, а тие лоцираат од Целје до Гевгелија.

Јас и другарот претседател Глигоров го замолив, исто така имал еден разговор со господин Кучан, даден му е одговор дека и таму се мобилисани дел од единиците.

Соопштението, односно одговорот што го барав од Сојузниот секретаријат за народна одбрана е исто така дека на целиот простор е извршена делумна мобилизација, значи еден минимален број на единиците што ќе можат да одржуваат зголемена борбена готовност. Тоа е едно.

Единиците што се мобилизирани на просторот на Македонија речено е до месец дена. Ако состојбите одат во позитивен правец, ако се надмине сегашната криза, најверојатно брзо ќе биде извршена демобилизација, односно враќање на обврзниците во своите домови.

Тоа е кратко, вака да соопштам.

Наставната активност се изведува на просторот на Македонија. До вчера, како што бев информиран, сите наши единици се наоѓаат тука, на просторот на Македонија. Не се предислоцирани на други простори во Југославија.

Да ја искористам оваа шанса што се однесува до прашањето на пратеникот Пановски, јас морам да кажам пред овој Парламент дадов свечена обврска дека ќе работам по Уставот и законот. Додека постои Уставот на Југославија и законите и македонските позитивни закони, јас така ќе работам како министер. На претходната седница имаше прашање дали сум министер на Аврамовиќ или сум министер на господин Кљусев. Јас сум министер Ваш, на вашата Влада, повторно кажувам дека работам во духот на позитивните закони. Кога нашата Декларација, новата филозофија за Македонија ќе биде преточена во новиот устав на Македонија, во новите закони, тогаш можете да барате од мене и одговорност и да ме разрешите, како што ме поставивте министер во Владата на Република Македонија.

Јас имам само толку, како кратки информации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓа Димитрова.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Мене ми е многу жал, со големо почитување кон господинот министер, меѓутоа има некои нејасни работи.

Јас претпладне од ова Собрание телефонирав директно

во Словенија, не најдов друг број, разговарав со министерот Бавчар кој ми рече дека од февруари ниту еден војник од Словенија не е испратен и не е мобилизиран ниту регрутиран во ЈНА. Дека списоците им се на некои териториjални органи и дека тие ја вршат мобилизацијата, а веќе имаат две единици, своја војска, ми кажа и во кои места, во кои градови. Тука има нешто точно. Го прашав како е во Хрватска и го прашав како е во Босна. Рече дека и во Хрватска не врши мобилизација и регрутација во редовите на ЈНА, а во Босна тоа се прави само делумно, на извесни територии, веројатно каде што живеат Срби. Меѓутоа таму само 15% од мобилизацијата е успешна.

Тоа беа зборовите на министерот Бавчар.

Јас пак, од своја страна, го користам моментот исто така да го прашам господинот Дамјановски, бидејќи е тој избран од нашето Собрание е член на нашата Влада, министер, буквален превод на овој збор, е слуга на народот. Многу е нејасна оваа работа. Од една страна имаме Декларација за сувереност, од друга страна имаме неусогласеностк како што имаат и другите републики, јас сакам да знам, во моментов од кого прима наредби господинот министер? Од Парламентот и Владата или од генералштабот на Врховната команда?

На крајот, би сакала да прашам, бидејќи законот е многу важна работа, сметам дека не би било лошо денеска да се договориме, можеби да дадеме еден разумен рок до среда или кога тоа паѓа 22, вторник или среда, можеби е тоа доволен период на време, овој Закон, за кој што слушнавме од претседателот господин Кљусев дека веќе се работи во Владата, Законот за народна одбрана и воена обврска, да го разгледаме тогаш а истовремено да ја искористиме можност, амандмаш те од 82 до 85 што беа до 16 мај на јавна расправа, а меѓу кои е многу важниот Закон кој прогласува воена состојба во Македонија, да ја искористам можноста на таа седница и тој Закон да го донесеме. Јас би замолила ако може да гласаме за овој предлог, на 22 да имаме седница за овие две многу важни прашања, а и се итни ургентни. На 22 да расправаме по овие прашања, а на 23 имаме седница за Уставот. Мислам дека има истовремено седница и во Белград, па можеби и ќе се одложи таа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво да го завршиме ова што го работиме.

Овде имаме уште две точки. Имаме објаснување од министерот за точката 6, околу резервниот состав итн.

Според објаснувањето на господин Дамјановски како тие работи стојат, дали инсистирате да стои?

Јас се што можам е ова да го дадам на гласање, што господин Петров го дава. Меѓутоа, после овие објаснувања, не гледам што можеме да правиме, со што друго ќе ја задолжиме Владата освен истото да го напише и испрати.

(Пратеникот Тодор Петров го повлекува предлогот)

Добро, тогаш одиме натаму.

Одиме на точката 7. Ова го имаме во нашата Платформа. Тоа е еден од основните ставови. Јас предлагам да не се изјаснуваме повторно за овеи работи.

(Пратеникот Петров го повлекува предлогот)

Добро, одиме понатаму.

Сега, покрај ова, имаме некои предлози што се однесуваат на дневниот ред за наредната седница. Ние имаме два начина. Или писмено да се предложи на претседателот на Собранието, па да се обиде да направи напор да се истера постапката за да можат, кои можат да бидат уцврстени во дневниот ред или, ако тоа не е возможно на наредната седница да бидат. Инаку, не гледам овде, на оваа седница да утврдуваме дневен ред за онаа, наредната седница. Тоа не е никаков ред. Тоа не можеме никако да го правиме.

Може ли така, во постапка во која се утврдува дневниот ред на таа друга седница таму да се постапи?

Дали може така? (Може).

Сега имам јас уште едно прашаше што треба да го провериме.

На 23 имаме закажано седница, меѓутоа Сојузното собрание, изгледа двата собора, еве интервенираат делегатите во Сојузното собрание дека седница ќе држи само Соборот на републиките и покраините, но ако е прашањето на доверба, да не се бара да заседава и Сојузниот Собор?! Се едно, ако е само Соборот на републиките и покраините, тогаш 11 луѓе од овде ќе бидат таму помалку ако бидат овде на седница. Тоа значи, ако дојде до гласање во тој Собор, ова што го утврдуваме овде, јасно дека без Делегацијата не можете да работите, но не е важно тоа, таму можат да одат двајца-тројца и да ја претставуваат Делегацијата, но нам ни требаат поединечни гласови. За доверба се гласа поединечно.

Оттаму, предлагам седницата да ја закажеме место на 23 на 24 о.м. Нашата седница да биде на 24.

(Од претставниците на Владата се реагира дека тогаш не може да се одржи седница на Собранието на СРМ бидејќи тој ден е ден на просветителите "Кирил и Методиј" и дека поради тоа не може да се одржи седницата).

Во ред, значи тогаш е празник и не може тогаш да се одржи.

Има збор Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас имам една добронамерна сугестија.

Бидејќи во тек ќе биде седницата на Сојузното собрание, на двата собори, предлагам, бидејќи делегатите во Сојузниот собор немаат никакви контакти и врска со ова Собрание и воопшто не извршуваат било каква консултација со својата делегатска база, предлагам, бидејќи станува

збор за доста клучни и важни прашања, Претседателството да одржи еден работен договорен состанок со делегатите од Македонија во Сојузниот собор за да постои координација помеѓу гласовите што тие евентуално ќе ги дадат при гласањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам само едно објаснување, еве господин Гештаковски сака да објасни. Има една работа, ние не треба да ги формализираме тие, според Закон, и системски определените прашања. Не се тие на Собранието.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Во четврток, на 23 има седница Соборот на републиките и покраините, кога се продолжува прекинатата седница со расправата по однос на Експозето и придружните документи на Сојузниот извршен совет. Расправата беше започната, но со оглед на вам познатите прилики во однос на гласањето за прогласување на членовите на Претседателството беше прекината неколку пати и одложена за 24.

Во текот на расправата е покрената постапка за доверба. Постапката е малку комплицирана, да не објаснувам. Значи, за четврток не е закажано заседание на Сојузниот собор. Се изјаснуваат во Соборот на републиките и покраините. Доколку се изгласа таму, веднаш се известува другиот собор. Тоа е постапка на повикување и на заедничко заседание, но да не објаснувам како тече таа процедура.

Што се однесува до прашањето што го покрена господин Петров, јас го покренав тоа прашање и на една од претходните седници во однос на усогласувањето на ставовите на Сојузниот собор. И во нашиот Деловник и во новиот деловник, односите помеѓу ова Собрание и Сојузниот собор се регулирани. Но, тука се поставува едно прашање, бидејќи во овој повеќепартиски плурализам Сојузниот собор не е составен на тој принцип и во однос на пречката за функционирање, за легитимноста и легалитетот на тој Собор, а за тоа единствена причина е неусвојувањето на амандманите за распишување на избори, повеќепартиски избори за целата територија на Југославија. Со конституирање на тој собор, јас еднаш зборував за тоа, се засилуваат доста позициите во Југославија на конституирање на повеќепартискиот систем. Тоа значи дека во однос на иницијативата на господин Петров, во крајна мерка, односно целосно се поддржува во однос на комуницирање на ова Собрание и на делегатите во Сојузниот собор, иако тие се конституирани во еднопартискиот систем и според тие стари закони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме овде уште предлози. Ке проучиме кога можеме да ја одржиме нашата седница. Очигледно тешко е да се одржи на 23 о.м.,заради оваа околност.Денеска заклучуваме

фактички за 23 да бидат нашите таму присутни. Имаме овде уште некој друг текст што го достави господин Пановски. Тој ви ги прочита овде тие работи. Нешто што прочита не инсистира, меѓутоа има нешто на што инсистира. Веројатно се работи за дополнување на ставовите.

Прво, тоа би било после петтата точка, како шеста точка:

"Законот за регуритирање и мобилизација донесен од Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ" се оценува како спротивен на Декларацијата за суверенитетот на Република Македонија и согласно на таа Декларација ги обврзува органите на власта во Република Македонија да не го спроведуваат. Се наложува на македонската делегација во Сојузниот собор да ја повлече својата согласност.."

Прво, за тоа претседателот на Владата не извести што тие работат. Сличен амандман господинот Петров повлече.

Второ, ние мораме да ја видиме преамбулата зошто овие Ставови и заклучоци сега ги донесуваме, а што тука допишуваме.

Според тоа, првата точка ја издискутиравме по амандманот на господин Петров. Мислам дека после објаснувањето на претседателот на Владата не треба повторно да одиме во расправа.

Дали господин Пановски се согласува?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Би сакал да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот сака да се гласа.

За овој текст, тој да биде како точка 6, господин Пановски бара да се гласа.

Молам, кој е за нека крене рака? (28 пратеници се за)

Молам, кој е против? (пратениците креваат рака).

Со самото тоа што 28 пратеници се, за очигледно е дека предлогот не се усвојува. Јас незнам зошто се инсистира да се пребројат гласовите кој е против. Но, по некогаш ми се префрла..Еве,господин Пановски не инсистира да утврдуваме колку пратеници се против.

Вториот предлог кој би требало да биде како точка 7, а сега треба да дојде како точка 6 би бил:

"Ценејќи дека со неизборот на претседателот на СФРЈ се загрозува суверенитетот на Република Македонија, дека македонската држава се става во положба на колонија, ова Собрание да апелира до Обединетите Нации, Европскиот совет, до големите сили и до целата светска јавност да не дозволат посегање по интегритетот и суверенитетот на Република Македонија од страна на внатрешни или надворешни сили, со примена на противуставни методи за разрешување на југословенската криза, заради мирно и демократско уредување на односите помеѓу актуелните членки на СФРЈ достојно на цивилизациското ниво на овој

миг.

Собранието на Република Македонија предлага да се свика меѓународна конференција со учество на спомнатите меѓународни субјекти".

Јас ви спомнувам, прво, да не излеземе премногу преплашени сега, во оваа ситуација, па веднаш да ни треба меѓународна помош и меѓународна арбитража.

Дали господин Пановски инсистира да гласаме?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Бидејќи сум прозван, инсистирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пред да го ставам предлогот на гласање, за збор се јави господин Крстевски.

Ве молам, немојте од место, повелете на говорница за да може да се сними се што ќе се каже.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Молам, да се научите на постапката за поднесување амандмани. Во таа смисла не прифаќам да се гласа за нешто што не е во редовна постапка поднесено. Мора да се умножи и да се подели. Погледнете го Деловникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние денеска работиме вака бидејќи водиме расправа. Така што, во ред е, можеме да го ставиме предлогот на гласање.

Кој е за, молам нека крене рака? (29 пратеници се за предлогот).

Бидејќи само 29 пратеници се за предлогот, констатирам дека и овој предлог не е прифатен.

Дали треба да гласаме кој е против? (Не треба).

Има уште еден предлог на амандман. Бидејќи и ова е одбиено, сега овој амандман што ќе го прочитам би бил 6:

"Ова Собрание се противи на нови регрутирања и мобилизации. Веќе мобилизираните резервисти бара веднаш да се демобилизираат, додека војниците од Македонија бараме да се вратат во Македонија, зошто во новонастанатата ситуација, нивното служење надвор од Република Македонија станува бесмислено, односно спротивно на интересите на Македонија.

Војниците од Македонија бараат да се вратат во Македонија , зашто во новонастанатата ситуација нивното служење надвор од Република Македонија станува бесмислено, односно спротивно на интересите на Македонија.

Да им препуштиме на Владата као што се договоривме и како што бевме информирани овде, тоа што Владата може да ни предложи, да ни предложи. Да не паѓаме во апсурдни ситуации овде да измислувам решенија.

Дали и за ова да гласаме?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас се противам на ваков начин на работа, тоа никаде го нема да се изготват ставови и залучоци, а после тоа да

се дискутира за нешто. Обично ставови и заклучоци се носат после дискусијата. Јас барем така ги сваќам работите. Мислам дека беше фер моите предлози да се прочитаат на еден убав начин, а не набрзина само реда-ради. Не мора да се гласа сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние сега ги донесуваме ставовите и заклучоците. Јас не го разбирам приговорот, тоа беше договорено на состанокот што го имавме пред седницата. Сватив дека приговорот не е упатен како гласањето го изведуваме, туку на нешто што друго нешто се случило.

Дали инсистирате на гласање? (Не)

Тогаш ги давам на разјаснување ставовите со овие дополнувања кои овде ги утврдивме низ постапка на гласање.

Молам, кој е за така утврдените ставови да крене рака. (72 пратеника).

Дали е некој против? (2 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеника)

Констатирам дека ставовите што ги утврдивме низ постапката низ поединечното гласање се усвоени. Тие се заклучоци. И предлагам да се достават до Претседателството на Југославија, до Сојузното собрание и до Собранијата на сите републики. Исто така да се дадат во јавноста.

**БОШКОВ**.............:

Јас сакам да ја признам мојата конкретна збунетост од текот на последните половина час, можеби и подолго, да признам на овој аудиториум тука, а веројатно и пошироко дека немам никаква претстава за што се гласаше на последното наше изјаснување и ми е крајно жал. Вакви комедии Собранието не треба да приредува на поширокиот аудиториум, а ни себе.

Јас лично сметам дека ги минавме овие предлози во писмена форма и многу културно доставени од пратеникот г-динот Петров и после сметам дека ќе биде вредно да водиме извесни дискусии, околу комплетниот текст на овие 5 запишани ставови. Така би сакал да ми појасните сега, што ние фактички изгласавме и што е предлогот да се достави до Претседателството на СФРЈ и не знам на кој друг.

**ДАВЧЕВ**..............:

Почитувани пратеници, сакам да поставам едно прашање. Бидејки од министерот беше дадено едно толкување за во Словенија и до Ратка Димитрова. Јас дојдов во една недоумица што е точно и барам до идната седница кога ке имаме да се расчисти и некои кои ќе предлага, дали пратеник, дали од Владата да биде точно тоа. Вака добиваме две толкувања и две различни. Да не се даваат некои толкувања ако не се точни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине Бошков овде кажа дека не му е јасно што е

усвоено. Прво се договоривме дали ке правиме нов текст или овој текст е за донесување и гласавме по него. Потоа сите писмени предлози што ни беа доставени со овој текст ги дадовме во постапка за разјаснување и во таа постапка точно утврдивме што се прифати и што не се прифати и за тоа се гласаше. И на крајот за целината на текстот со тие доправки како ги усвојувавме поединечно се изјасни Сборанието и гласаше. Треба вечерва да се испрати до Претседателството на СФРЈ, до Сојузното собрание и до сите собранија на сите републики.

**СТЕВКОВСКИ**.............

Јас предложив конкретно дополнување на точката 5 од заклучоците и реков дека треба, тоа го потврди и претседателот на Владата г-динот Кљусев да имаме две решенија. Едното е заедница на суверени држави и другото е независна македонска држава. Тоа мора да биде споменато во заклучоците во точка 5 како прв документ дека веќе оперираме и со независна македонска држава. И по тоа би требало да се произнесе Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас убаво го прашав г-динот Кљусев, дали тоа да го вметнеме во заклучоци, или тие работат на опциите веќе по своја иницијатива и по налог на претседателот. Тој убаво објасни дека тоа не треба да биде во заклучоците. И по тоа се изјасни Собранието.

Молам, ако г-дин Стефковски повторно бара треба да се откажеме што сме гласале со 72 гласа, против 4 и повторно да се изјаснуваме.

Може ли така да постапиме? (не).

Дали некој друг бара збор во врска со друго прашање? (Не)

Тогаш ја заклучувам 14-та седница на Собранието на СР Македонија.

(Седницата заврши во 21,оо часот).

ес